**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА

# П Р О Г Р А М А Т А

# ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2012 ГОДИНА

**За 2012 година**
**(јануари – декември 2012)**

**Скопје**, **јануари** 2013

**ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА**

| | |
|---|---|
| Назив: | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија - АППРМ |
| Адреса: | ул.”Никола Вапцаров” бр 7, Скопје |
| Основач: | Влада на Република Македонија |
| Ресорно министерство: | Министерство за економија |
| Директор: | Вахида Реџепагиќ до 08.08..2012 г. потоа Мустафа Мандал |
| Управен одбор: | Ванчо Гроздановски – претседател<br>Александар Ивчевски – член<br>Елена Патровска - член<br>Гоце Цветковски - член<br>Имерали Бафтијари - член |
| Партнери на АППРМ: | Министерство за економија<br>Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за образование и наука<br>Министерство за финансии<br>Стопанска комора на Република Македонија<br>Сојуз на стопански комори<br>Стопанска комора на северо-западна Македонија<br>Државниот завод за статистика<br>Централен Регистар на Република Македонија<br>Агенција за вработување на Република Македонија<br>Национален совет за претприемништво и конкурентност<br>Регионални фондации за развој на МСП во Скопје, Куманово, Велес, Струмица и Битола<br>ЕСА Агенции во Тетово, Гостивар и Охрид<br>Инкубатори за поддршка на малото стопанство<br>Други претприемачки центри ( Евро центар Свети Николе, Ромскиот Деловен Информативен Центар од Скопје, Стопанска - Комора на Северо-Западна Македонија, ПРЕДА, Занаетчиска комора на Македонија, Стопанска Комора на Македонија)<br>Проект - Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење<br>SPARK - Holandija<br>SINTEF – Norve{ka<br>JICA - Japonija<br>Конзорциум - Европски информативен и иновативен центар Македонија - Европска Комисија (EIICM) |

# Кратенки

| | |
|---|---|
| АППРМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Р. М. |
| МЕ | Министерство за економија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите Нации |
| ОДП | Организации за Деловна Поддешка |
| ЕЕН | Европска мрежа на претпријатија |
| МИС | Менаџмент информативен систем |
| ПСВ | Помош за самовработување |
| ИПА | Претпристапни фондови |
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| JICA | Јапонска агенција за меѓународна соработка |
| МИР | Фондација за менаџмент и индустриско производство |
| SINTEF | Истражувачка организација од Скандинавија – Норвешка |
| ВСС | Ваучерски систем на советување |
| РЦ | Регионален центар |
| ЕСА | Агенција за помош на претпријатијата |
| ТАСМЕ | Проект за техничка помош за развој на МСП |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| НАССР | Систем за производство на безбедна храна |
| ГТЗ | Германско друштво за техничка соработка |
| ПРЕДА | Регионална развојна агенција на Пелагонија ПРЕДА |
| БП | Бизнис план |
| ХРДФ | Фонд за развој на човечки ресурси |
| МАСИТ | Македонска асоцијација за информатичка технологија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| МБПР | Македонска Банка за поддршка на Развојот |
| МРФП | Македонска Развојна Фондација за Прептриемништво |
| YES Inkubator | Инкубатор за млади претприемачи |
| СКСЗМ | Стопанска комора на северо западна Македонија |
| АСИПИ | Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот |
| ССКМ | Сојуз на Стопански комори на Македонија |
| ЕБА | Европска бизнис асоцијација |
| ЦЕЕД | Центар за развој на претприемачи и менаџери |
| БСЦ | Центар за развој на бизниси |
| АМПТ | Активни мерки на пазарот на трудот |
| ОПВ | Оперативен план за вработување |
| РП | Рамковна програма |
| ЦИРКО | Центар за истражување, развој и континуирано образование |

**МИСИЈА**

Развој на претприемништвото и малото стопанство во Република Македонија преку реализација на приоритетни проекти кои ги отсликуваат:

- Вистинските подрачја на интервенција согласно искажаните реални потреби на малото стопанство, и
- Владината Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија.

**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ**

- Деловно поврзување во земјата и странство,
- Прибирање, обработка и доставување на информации релевантни за МСП секторот,
- Воспоставување и оддржување на база на податоци и електронска поврзаност помеѓу регионалните центри за поддршка на претприемништвото,
- Реализација на програми од областа на едукацијата, тренингот, обуките и консултантски услуги за МСП секторот,
- Организирање трибини, конференции и бизнис форуми,
- Спроведување програми за соработка со земјите од регионот и пошироко,
- Спроведување останати домашни развојни проекти,
- Финансиска поддршка на МСП преку субвенционирано советување (ваучери),
- Кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори.

S O D R @ I N A

1. Активности и проекти според програма на АППРМ (подпрограма 40) ... 6

1.1 Ваучерски систем на советување ... 6

1.2 Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри ... 11

1.3 Претприемачко образование ... 13

1.4 Организирање натпревар за бизнис план ... 14

1.5 Европска недела на МСП ... 14

1.6 Организирање на обуки за женско претприемништво ... 15

1.7 Доживотно учење - претприемништво ... 17

1.8 Организирање на обуки за локални консултанти ... 21

1.9 Организирање на обуки за малите и средните претпријатија ... 21

1.10 Организирање на локални семинари за иновации и претприемништво ... 22

1.11 Промотивни активности (саеми, деловни партнерства) ... 23

1.12 Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис ... 24

1.13 Организирање на обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа ... 25

1.14 Кофинасирање на донаторски проекти ... 25

1.15 Општа обука на МСП и здруженија во рамки стопанските комори за заштита на правата од интелектуална сопственост ... 25

2. Активности на АППРМ кои не се опфатени со Програмата 2012 ... 26

2.1 Европски Информативен и Иновативен Центар Македонија (ЕИИЦМ) ... 26

2.2 Активни политики за вработување за 2012 година ... 30

2.2.1 Програма за самовработување со грант ... 30

2.2.2 Поддршка за самовработување со кредитирање ... 36

2.3 Проект „Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење” (во соработка со Австриjска развојна соработка) ... 37

2.4. Регионална соработка за валоризација на истражувачки резултати INTERVALUE ... 38

2.5. TEMPUS-DOCSMES ... 39

2.7. Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО) ... 41

2.8. Семинари, обуки, тренинзи ... 41

2.9 Реализирани задачи како заклучок на Влада на РМ ... 41

2.10 Друго ... 49

3. Финансиски извештај ... 51

## ВОВЕД

Во согласност со член 19 од Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништво на Република Македонија (Сл.весник бр. 60/03, 161/09), Агенцијата е должна за своето работење и користење на средства да поднесува извештаи до Министерството за економија најмалку два пати годишно и Годишен Извештај до Владата на Република Македонија до 31 јануари за претходната година.

Во извештајот кој го опфаќа периодот јануари - декември 2012 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, врз основа на оперативниот и финансовиот план за 2012 година, ги реализираше во континуитет предвидените оперативни активности за овој период кои произлегуваат од Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2012 година, односно активностите и проектите кои се реализираат преку АППРМ (подпрограма 40).

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08 ) Владата на Република Македонија, на седница одржана 3 јануари, 2013 година ја донесе Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2013 година, (објавена во Службен весник на РМ бр. 4 од 09.01.2013 година).

## 1. Активности и проекти според програма на АППРМ (подпрограма 40)

### 1.1 Ваучерски систем на советување

Програмата за ваучерско (субвенционирано) советување нуди подршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Ваучерскиот систем на советување го подржува обезбедувањето услуги на советување и развој на деловна активност во форма на плативи ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрена од АППРМ.

Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените, додека поддршката за МСП е во вид на соодветен грант, односно 50% учество на клиентот и 50% субвенција. Во извештајниот период беа реализирани следниве активности:

- Извештај за реализацијата на оваа програмска активност во 2011 година,
- Измени и дополнување на web за консултанти,
- Избор на организации за деловна поддршка кои во месец мај, врз основа на договори, беа вклучени за реализација на програмската активност „Ваучерскиот систем на советување”, во 2012 година при што се реализираше:
    - подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,

- подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
- подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
- оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРМ за избор на 7 ОДП, од вкупно 8 пријавени на Јавниот повик,
- припрема и потпишување на договори со 7 избрани ОДП,
- почеток на имплементација на Програмата од мај 2012 година.

Резултати во ВСС за овој извештаен период (мај - 30 декември 2012 година) се следни:

§ Вкупно издадени - **21 ваучер** за **17 клиенти,**

§ За потенцијални претприемачи издадени се 8 ваучери за 4 клиента на износ од 65.700,00 денари.

§ За постојни претпријатија издадени се 13 ваучери за 13 клиенти во вкупен износ од 336.150,00 денари.

За административна надокнада на ОДП кои ја и имплеменираат ваучерската програма на регионално ниво планирани се околу 20% од вкупниот износ на субвенцијата или 81.120,00 денари. Надокнадата на ОДП е регулирана со посебни нормативи кои се дел од Прирачникот на процедури и Договорите за реализација на програмата кои се склучуваат со секоја ОДП поединечно.

Резултатите во овој извештаен период во однос на вклучени клиенти и издадени ваучери се добри со оглед дека во поголем дел од извештајниот период сите изведувачи на програмата за Ваучерско советување беа ангажирани во реализација на Програмата на Владата на РМ за Самовработување, при што исто така се издаваа ваучери за невработени лица[1].

Резултати за овој период се како следи:

| | **КЛИЕНТИ** | | | **ВАУЧЕРИ** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ОДП** | **Потенцијални претприемачи** | **МСП** | **Вкупно клиенти** | **Потенцијални претприемачи** | **МСП** | **Вкупно ваучери** |
| ЕСА Тетово | 0 | 2 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| РЦ Куманово | 0 | 5 | 5 | 0 | 5 | 5 |
| РЦ Скопје | 2 | 2 | 4 | 4 | 2 | 6 |
| РЦ Битола | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| ЕСА Охрид | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| РЦ Велес | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| РЦ Струмица | 2 | 1 | 3 | 4 | 1 | 5 |
| | 4 | 13 | 17 | 8 | 13 | 21 |

Статусот, односно состојбата со изведените ваучери за време на извештајниот период е дека сите ваучери се завршени, а еден дел се платени.

[1] Во програмата САМОВРАБОТУВАЊЕ, односно Промовирање на одржливи вработувања издадени се 749 ваучери за невработени лица

Статусот, односно состојбата со изделените ваучери за време на извештајниот период е следна:




За време на овој извештаен период, како што може да се забележи од горенаведените графикони, завршени и платени се 62%, односно 13 ваучери, завршени и не платени се 38% или 8 ваучери.

Вкупниот досегашен број на издадени, односно реализирани ваучери и односот според целните групи и вкупниот износ може да се од следните графикони:







Резултатите покажуваат дека за разлика од изминатите години учеството на невработените како целна група во Ваучерската програма е намалено. Како главна причина за ова се смета дека е Програмата на Владата на РМ за активни мерки и политики на вработување, каде покрај советодавниот дел кој го опфаќа Ваучерската програма, кандидатите може да добијат и грант средства во висина од 185.000,00

денари. Ова директно влијаеше на намалениот интерес од клиентите за учество во Програмата за ваучерско советување при АППРМ, но бидејќи АППРМ преку Ваучерската програма е интегрален дел од Програмата на Владата на РМ може да се заклучи дека ефектите се постигнати.

Кога ќе се земе во предвид вкупниот број на ваучери и вкупниот број на клиенти вклучени во Програмата на ВСС, се забележува дека за секој клиент невработено лице во просек се издаваат 2 ваучери, а за постојните претпријатија 1 ваучер за еден клиент.

Имајќи го во предвид вкупниот износ за реализираните ваучери од 401.850,00 денари и вкупниот број на реализирани часови на советување од 718 часа од кои 306 специјалистички и 412 генералистички доаѓаме до просечна цена на советнички час од околу 560,00 денари што сметаме дека одговара на условите и пазарот на консултантски услуги во Република Македонија.

Просечниот износ сметан по ваучери и по клиенти може да се види од следниот графикон:




Во однос на користењето на советодавните услуги (специјалистички или генералистички) од страна на клиентите состојбата е следна:




Ако се набљудуваат ваучерите според ангажираните средства од страна советнициите состојбата е следна:

**Ангажирани средства за ваучери според вид на советување**




Од горенаведените графикони забелелжливо е дека и покрај тоа што бројот на реализирани советувања по основ на издадени ваучери е односот е 76% наспроти 24% во корист на генералистите, а во случај кога се набљудуваат средствата кои се ангажирани за советниците односот се намалува и е со мала предност за советниците-генералисти. Ова се должи на фактот специјалистичките услуги се по обемени, а со тоа и бараат ангажирање на поголеми финансиски средства за разлика од услугите од страна на советници-генералисти.

Во следните графикони дадени се видот на побараните и добиени советодавни услуги според подрачја на советување и вид на советување:

**Подрачје на советување**




**Вкупно советувања во ваучерската програма**



Како што може да се забележи советодавната услуга за изработка на деловен план останува една од најбараните услуги и истата е користена од страна на МСП и потенцијалните претприемачи, односно невработените лица кои се одлучиле да отпочнат сопствен бизнис. Истите по изработката на деловниот план користат услуга за регистрација на претпријатието.

Другите услуги сеуште не се доволно застапени, што наложува да се вложат уште поголеми напори во промоција на програмата во целост, што подразбира и многу повеќе средства од досегашните.

Треба да се напомене дека со оглед на скромната сума за субвенција која се одобрува за Програмата на ВСС, квалитетот на реализираните проекти е на завидно ниво кое секако со ангажирање на поголем број консултанти постојано ќе се подобрува и подигнува.

Како позитивна промена во однос на минатата година претставува зголеменото барање од страна на МСП за воведување на системи за квалитет, пред се ISO стандардите додека за разлика од 2011 година, кога имаше барања за имплементирање на HACCP системот за квалитет, оваа година немаше такви барања од страна на претпријатијата.

Во овој извештаен период, од вкупните одобрени средства за оваа програмска активност во износ од 530.000,00 денари реализирани се 527.060,00 денари од кои платени се реализирани активности во висина од 409.740,00 денари, а не се платени реализирани активности во висина од 117.320,00 денари.

Овој износ, односно 117.320,00 денари, кој е платен на 17.01.2013 година, е пренесен во 2013 година и за истиот износ ќе биде намален буџетот за Ваучерскиот систем на советување од Програмата за 2013 година.

## 1.2 Инфо пулт проект во соработка со регионалните центри

Целта на проектот „ИНФО ПУЛТ" е поврзување на институциите на системот како носители на економската политика и стратегија со малите и средни претприемништва, односно како носители на економскиот развој.

Претприемачите и потенцијалните основачи на нов бизнис од страна на Организациите за деловна поддршка можат да добијат најразлични информативни услуги и конкретни информации за малото стопанство како:

- Информирање за можните форми и институции за обука на претприемачи;
- Информации од областа на деловната помош и финансирање,
- Информации за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето;
- Информации за можностите за инвестирање во регионот, извозните можности, бизнис контакти и други информации и совети;

- Информации за можностите за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти;
- Информации за Европската мрежа на претпријатија (ЕЕН);
- Информации, обуки и совети за лицата опфатени со Програмата на Владата на РМ за поддршка на самовработувањето во текот на првата година од работењето на фирмата;
- Информации за извори на финансирање;
- Информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство;
- Други деловни информации и интернет истражувања.

Во текот на извештајниот период беше реализиран избор на организации за деловна поддршка кои започнаа со реализација на програмската активност „ИНФО ПУЛТ” за 2012 година, при што се реализираше:

- o подготовка и објавување на јавен повик во јавните гласила,
- o подготовка на придружна документација кон јавниот повик,
- o подготовка на методологија за оценување на апликациите кон јавниот повик,
- o оценка и предлог на Комисијата за избор доставен до директорот на АППРМ за избор на 8 ОДП,
- o припрема и потпишувањена договори со 8 избрани ОДП,
- o почеток на имплементација на Програмата од 26.04.2012 година.

| Р.бр. | Центар | Град | Број на клиенти |
|---|---|---|---|
| 1 | ЕСА Охрид | Охрид | 48 |
| 2 | ЕСА Тетово | Тетово | 48 |
| 3 | Р.Ц. Битола | Битола | 60 |
| 4 | Р.Ц. Куманово | Куманово | 48 |
| 5 | Р.Ц. Скопје | Скопје | 48 |
| 6 | Р.Ц. Струмица | Струмица | 48 |
| 7 | Р.Ц. Велес | Велес | 48 |
| 8 | Стопанска Комора на Македонија | Скопје | 48 |
| | **ВКУПНО** | | **396** |

Како што може да се забележи заклучно со Октомври 2012 година вкупно биле вклучени 376 клиенти во 8 Инфо центри на кои им биле дадени информативни и советодавни услуги во рамки на проектот ИНФО ПУЛТ 2012.

Регионално гледано состојбата со клиентите во Инфо Пулт проектот во текот на 2012 година може да се види од следниот графички приказ:

**Преглед на клиенти по региони**




Најголем број на клиенти се обратиле за некаков вид информација во регионот на град Скопје, додека останатите региони се подеднакво застапени.

Во делот на побараните информации од клиентите состојбата е следна:

| Vid na pobarana informacija | |
|---|---|
| BCD profili | 5 |
| Biznis povrzuvawe | 31 |
| Drugo | 44 |
| Formi i institucii za obuka | 13 |
| Internet istra`uvawe | 4 |
| Izvori na finansirawe | 58 |
| Mo`nosti za investirawe vo regionot | 3 |
| Preporaka za kredit | 8 |
| Promocija na pretpriemni{tvoto | 61 |
| Saemi, trgovski misii i forumi | 24 |
| Tehni~ki standardi soveti | 26 |
| Tekovni proekti | 26 |
| Vau~ersko sovetuvawe | 38 |
| Vkupno | 341 |

Во овој извештаен период, од вкупните одобрени средства за оваа програмска активност во износ од 220.000,00 иплатени се средства во висина од 219.840,00.

## 1.3 Претприемачко образование

Во соработка со Центарот за истражување, развој и континуирано образование при Машинскиот факултет реализирани се интензивни обуки за студенти на тема "Генерирање на идеи и подготовка на бизнис план". Обуката се реализираше во просториите на Машинскиот факултет и опфати 5 работилници со учество на над 250 учесници. Во фунцкија и на промоција на самовработувањето дел од активностите на работилниците се однесуваа на:

- Дефинирање на разликите помеѓу концептот „работење сам за себе" и работење кај друг"
- Определување на карактеристиките на успешните претприемачи
- Анализа на методите за генерирање на идеи и нивна селекција
- Концепирање на бизнис план.

## 1.4 Организирање натпревар за бизнис план

Традиционално, во периодот јануари - јуни 2012 година, тимовите и Центрите на Машинскиот факултет на НЦРИПУ, Центарот за развој на нови бизниси и ЦИРКО со поддршка на АППРМ го реализираа натпреварот за најиновативен бизнис план во Република Македонија. Целиот циклус го поминаа над 300 лица, за да на церемонијата на доделување на победниците, на Балканскиот Venture Forum, која се одржа на Скопски саем во присуство на Претседателот на Република Македонија д-р Иванов беа промовирани најдобрите бизнис планови. На самиот настан им беше овозможено на најдобрите учесници да контктираат со низа на претприемачи од регионот и неколку инвестициски фондови. Десет бизнис планови беа наградени чии носители регистрираа сопствени компании и бизнис плановите ги преточија во реален деловен зафат.

Дополнително, во соработка со Junior Achievement – Young Enterprise, беа поддржани и 2 македонски тимови во регионалниот натпревар на JA-YE програмата.

## 1.5 Европска недела на МСП

Оваа година Европскиот ден на претприемачот и Европската недела на МСП – Македонија 2012 под мотото „Кралица на потег...“ се одбележа во повеќе градови во Република Македонија, а финалното свечено одбележување беше организирано во Скопје на 30 Мај 2012 година во хотел “Александар Палас“ – Скопје. Беа организирани три работилници на следните теми:

1. "Успешни жени во бизнисот и лидерството – како да се постигне совршенство?“ - Фондација Конрад Аденауер & ЕБА,
2. “Стандардизацијата во функција на зголемување на конклурентската предност” - НЦДИЕЛ, Град Скопје, Министерство за образование и наука,
3. „Препприемаштвото - соодветен одговор на предизвиците на опкружувањето“ - Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ.

и пленарен дел кој опфати:

1. Доделување на награда “МК Бизнис Лидер”
2. Доделување на награда за најдобар бизнис план за средни училишта која беше доделена од Преседателот на Владата на РМ, г-дин Никола Груевски

Во рамките на работилницата: „Препприемаштвото - соодветен одговор на предизвиците на опкружувањето“, организирана од страна на АППРМ беа презентирани следните актуелни теми и говорници:

1. д-р Наташа Кралева, „Организација што учи – неопходен концепт за успех на претприемачките фирми“, Факултет за претприемачки бизнис, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје,

2. м-р Анита Христова, „Од претприемаштво до интрапретприемаштво “, Hristovi Engineering Ltd, Скопје,

3. Горан Антевски, „Имплементација на новите јапонски менаџерски методи и алатки во Раде Кончар-ТЕП“, Раде Кончар – ТЕП, Скопје,

4. д-р Љубиша Николовски, „Од претприемач до претприемачко претпријатие“, АППРМ, Скопје

Сите настани беа мошне посетени и на сите беа остварени мошне плодни дискусии и беа дадени многу препораки за развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија во Македонија. Настаните беа можне посетени, на сите манифестации беа присутни над 1.200 луѓе, млади студенти, невработени, средношколци, сопственици на МСЕ, раководители на компании итн.

**1.6 Организирање на обуки за женско претприемништво**

Обука за невработени жени: *Подигање на свеста кај жените за претприемништвото и отворање на сопствен бизнис со цел зголемување на бројот на претпријатија чии основачи се жени*.

Со оглед на актуелноста на темата – Женското претриемништво, која е според агендата на Лисабонскиот протокол за работа за секоја земја членка во ЕУ вклучително и Република Македонија е на добар пат околу подигање на свеста кај учесниците во стопанскиот сектор и идните женски претриемачи. Програмите на Владата се во позитивна насока според НППА програмата за вработување на жени и жени менаџерки. Тоа е постиганто последните 7 години и се движи по нагорна линија. Додека жените од традициоанлите средини сеуште на товар ги носат и семејството и фирмите кои ги следат глобалните светски чинители. Тие се свесни, високо професионални, морални и одговорни за да допринесат со ефективен резултат кон фирмата во која работат. Во секторите на јавната админстрација, па и во реалниот стопански сектор се чувствува потреба од поодговорен кадар во некои кадровски решенија каде женската одлука игра поважна улога од мажот.

Во врска со изнесеното, а во рамките на програмските активности на АППРМ, Здружението за едукација и проектирање – Едукативнопроектен центар организира и реализира работилници за примена и знаење на женското претриемништво во Скопје. Присуствуваа повеќе од 30 слушателки, невработени жени, студентки, управителки, и сопственички на мали претпријатија од државава. Настанот се одржа во салата на Општина Гази Баба во Автокоманда на 22-24 април, 2012 година во присуствуво на 32 жени.

На работилниците присутни беа невработени жени и жени-претриемачки со сопственичка структура на мали бизниси. Работилниците траеа по 5 часа со две паузи од 30 мин. Темата побуди интерес зашто беше иновативна и сите речиси земаа активно учество, особено по свот-анализата, објаснувајќи ги мотивите и причините за нивната храброст да отпочнат свој бизнис или да го одржат истиот. Доминираа млади претриемачки и потенцијални претприемачки со посебен акцент на трговци-менаџери и менаџери во секторот на угостителството во малите

претпријатија. Заинтересираноста беше на завидно ниво со голем број прашања и подпрашања. Оваа обука беше од клучно значење и важност на присутните сегашни и идни женски претприемачи, од причина што потребата токму за подигање на свеста тие ја изнесоа за развој на претриемништвото во РМ. Тие изразија задоволство и дадоа позитивна критика со желба за повеќе вакви работилници кои ќе бидат токму во нивна корист и во корист на бизнис секторот, но и за родовата застапеност.

При презентацијата се користеа претходно подготвените материјали, со прирачникот за женско претриемништво, пенкала и нотеси што им послужи на активните слушатели да користат мали забелешки и за бројни прашања и дикусии. Техничката поддршка на работилницата се состоеше во слајд-проектор и компјутер.

- Во однос на составот на учеснички на работилницата, статистичките податоци за профилот на невработените жени и останатите профили е следниот:

| Вкупно ученици | Сопственички | Управителки | невработени | студенти | друго |
|---|---|---|---|---|---|
| 32 | 5 | 4 | 18 | 3 | 2 |
| 100% | 15,5% | 12,5% | 56,3% | 9,4% | 6,3% |

- Учеснички на обуката според возрасна застапеност

| Вкупно ученици | Под 20 год | Од 21 – 30 год | Од 31 – 45 год | Над 45 год |
|---|---|---|---|---|
| 32 | 3 | 13 | 13 | 3 |
| 100% | 9,4% | 40,6% | 40,6% | 9,4% |

- Учеснички на обуката според образовната застапеност

| Вкупно ученици | нсп | ссп | всп |
|---|---|---|---|
| 32 | 1 | 17 | 14 |
| 100% | 3,1% | 53,2% | 43,7% |

- Невработени учеснички на обуката според изразената спремност за влез во разни сектори на малото стопанство:

| Вкупно ученици | Трговија на мало | Угостителство | Образование | Друго |
|---|---|---|---|---|
| 23 | 9 | 8 | 3 | 3 |
| 100% | 39% | 35% | 13% | 13% |

Вкупната бројка на обуката се сублимира на околу 17% женски менаџери во сите претпријатија, посебно во МСП. Обуката ја следеа повеќе од 30 женски претриемачи и невработени жени-идни претприемачи кои изразија големо задовилство и желба за натамошни обуки со што ваквиот пристап ќе влије за севкупната социо-економска и стопанска состојба за подобрување на претриемаштвото во земјата воопшто.

Севкупниот впечаток е дека обуката во Скопје мина во најдобар ред и со успешен исход, што сметаме дека ваков тип на едукациско-практичен и промотивен пристап придонесува за развивање на свесноста на женското претприемништво и има потреба да продолжи. Со тоа се проширува севкупното унапредување и промоција на женското претприемништво во нашиот делокруг, се намалува невработеноста и дава поширока употреба на претприемништвото во стопанскиот сектор во Република Македонија.

## 1.7 Доживотно учење - претприемништво

Правецот на движењето на развојот на ваквото образование укажува на потребата од реализирање на ваков вид активности.

Целта на овие активности е претставниците на образовните институции да се запознаат со концептот за доживотно учење и законот за образование на возрасни на РМ, за да можат да ги имплементирааат во спроведувањето на нивните образовни активности и истите поефикасно ги реализираат.

Семинарите (промоциите) се одржаа во периодот март - април 2012 година во Радовиш и Скопје. Презентери на семинарите беа: м-р Маја Аврамовска Трпевска и Билјана Мојсовска.

### *1.7.1 Регионален семинар во Радовиш*

Презентација за концептот и значењето на доживотното учење, како и аспектот и улогата на доживотното учење во претприемништвото во Р. Македонија беше одржана на во просториите на Општината во Радовиш. На овој настан присуствуваа слушатели од повеќе образовни институции, владини и невладини претставници на образованието во Република Македонија, претставници на локалната заедница и претставници на мали и средни претпријатија. Презентери беа м-р Маја Аврамовска Трпевска и Билјана Мојсовска. Покрај презентираните содржини од страна на предавачите добија и печатени материјали кои подетално ќе им пружат информации за историјатот на концептот на доживотното учење и негова примена во претприемништвото.

*СТРУКТУРА НА СЛУШАТЕЛИТЕ*

1.7.1.1 Родова застапеност: По однос на родовата застапеност од вкупниот број 23 слушатели: 52,2% беа од женски пол, а 47,8% мажи. Согласно ваквите показатели родовиот баланс е согласно очекувањата.



1.7.1.2 Возрасна застапеност: Возрасната застапеност кај слушателите се движеше во следните рамки: од вкупниот број на слушатели 33,5% беа под старосната граница од 35 години; 47,8% се наоѓаа во стросниот сегмент од 35-тата до 55 година, а 18,7% над 55 години.




1.7.1.3 Институционална застапеност: Согласно ваквата статистичка поделеност, дел од слушателите 8 беа вработени во јавниот сектор, односно 34,8% , а 11 во приватниот сектор во доменот на МСП или 47,8% и 4 невработени лица односно 17,4%. Менаџерски кадар 6 лица, или 26%, а 17 лица или 74% беа неменаџерски кадар.







*1.7.2 Регионален семинар во Скопје*

Презентација за доживотното учење и неговата примена во претприемништвото, како и спроведувањето на Законот за образование на возрасни на Р. Македонија беше одржана во Скопје во салата на Музејот на Македонија. И на оваа

презентација земаа учество слушатели од повеќе образовни институции, невладини претставници на образованието во Република Македонија, претставници на локалната заедница и претставници на мали и средни претпријатија што се занимаваат со едукативна дејност. Презентираните теми побудија посебен интерес кај слушателите и на крајот беше развиена дискусија за состојбата и развојот на образованието на возрасните во нашата земја. Покрај презентираните содржини од страна на предавачите добија и печатени материјали кои подетално ќе им пружат информации за историјатот на концептот на доживотното учење и негова имплементација, односно Меморандумот за доживотно учење, како и запознавање со содржината на Законот за образование на возрасните на Република Македонија.

*СТРУКТУРА НА СЛУШАТЕЛИТЕ*

1.7.2.1 Родова застапеност: По однос на родовата застапеност од вкупниот број 29 слушатели: 38% беа од женски пол, а 62% мажи. Согласно феквите показатели родовиот баланс е согласно очекувањата.




1.7.2.2 Возрасна застапеност: Возрасната застапеност кај слушателите се движеше во следните рамки: од вкупниот број на слушатели 31% беа под старосната граница од 35 години; 48,2% се наоѓаа во старосниот сегмент од 35-тата до 55 година, а 20,8% над 55 години.



1.7.2.3 Институционална застапеност: Согласно ваквата статистичка поделеност, дел од слушателите 8 беа вработени во јавниот сектор, односно 27,5% , а 16 во приватниот сектор во доменот на МСП или 55,3% и 5 невработени лица односно 17,2%. Менаџерски кадар 14 лица, или 48,2%, а 15 лица или 51,8% беа неменаџерски кадар.







## *1.7.3 ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА ТРКАЛЕЗНА МАСА ВО СКОПЈЕ*

Во рамките на активностите за доживотно учење што се одржаа во Скопје беше организирана тркалезна маса во просториите на НУБ Св. Климент Охридски, на која присуствуваа стручни лица кои работат во претприемништвото и на полето на образованието на возрасните во земјава. Дискусијата се разви во насока на практичната примена на Закон за образование на возрасните и добрите практики на доживотното образование во претприемништвото. Тие разменија мислења и дадоа свои забелешки и коментари во врска со конкретните чекори и мерки регулирани со Законот и негово директно спроведување во сферата на претприемачкото деловно окружување. Исто така, изразија подготвеност и иницијатива активно да учествуваат во реализацијата на акциониот план за реализација на целите на доживотното образование во претприемништвото. Претставници од Работничките и Народните универзитети во Р. Македонија, се едни од главните носители на образованието на возрасните во земјава, даваат свој активен придонес за промоцијата и развојот на доживотното учење во Македонија. Тие дискутираа за актуелните текови и конкретните чекори што треба да се преземат во имплементацијата на доживотното учење во претприемништвото, за да се одржи чекорот со европските трендови, односно за конкретни проекти (кампањи, конференции, работилници, образовни саеми) кои ќе имаат за цел да го сврат вниманието на граѓаните и да ја подигнат нивната свест за важноста и значењето на доживотното учење за секој поединец во нашите претприемнички кругови.

## 1.8 Организирање на обуки за локални консултанти

Во периодот од 12 до 13 Март 2012, се одржа обука за консултантите во базата на советници на АППРМ на тема „Лобирање и вмрежување на ЕУ проекти“. Темата на обуката беше избрана врз основа на Анализата за потреби за обуки која се спроведе на национално ниво во 2010 година, како и од секојдневните контакти кои ги има АППРМ со консултантите. Потребата од лобирање и мрежување е доста важно особено во период кога во Република Македонија се повеќе се реализираат проекти финансирани од ЕУ и други донатори.

На дводневната обука која се одржа во Скопје, во Стопанската комора на Македонија, присуствуваа над 20 консултанти од повеќе градови во Македонија.

Обуката ја изведе Анѓело Страно, консултант од Италија кој живее и работи во Брисел повеќе години и со поддршка од локални консуланти.

Преку практични вежби и совети, консултантите имаа можност да се запознаат со начините на формирање партнерства со институции од земјите членки на ЕУ, како и алатките кои ги нуди Европската Комисија за полесен пристап до информации за заинтересирани институции за градење партнерства за конкретни проекти. Оваа активност се реализира веќе трета година во рамките на годишните програми на АППРМ

## 1.9 Организирање на обуки за малите и средните претпријатија

Агенцијата за поддршка на претприемнштвото на РМ во соработка со Стопанската комора на Македонија, организираа еднодневен семинар на тема:“Иновации и програми за финансирање иновации во компаниите“ кој се одржа на 18ти септември 2012 година во хотел „Салида“ во Прилеп. За семинарот изразија интерес 30-тина претпријатија, иноватори, претставници од банките, како и локалните фондации за развој на МСП. Семинарот беше структуриран во два модула со вкупно пет сесии:
Првиот модул ‘’Иновациите во европските програми’’ беше поделен во три сесии и тоа: Значењето на иновациите за конкурентноста на компаниите во кој се дискутираше за европските трендови за потикнување и поддршка на иновациите влијанието врз конкурентноста на компаниите. Во втората сесија Иновациите во ЕУ програмите ФП7 и ЦИП се прегледуваа можносите за финансирање на проекти за воведување иновации и се разгледуваа индустриите и обласите каоде се потикнуваат иновации. Третата сесија Развој на проект во компаниите го опфати процесот на избор на подрачје од работењето на компаниите за воведување иновации.
Вториот модул со наслов ‘’Развој и комерцијализација на иновациите’’ беше поделен во две сесии Процесот за развивање на иновацијата во кој беа претставени чекорите на иновацискиот процес како што се идеја, истражување и развој, правна заштита, прва пазарна апликација на производот и репликација на пазарот. Во втората сесија “Извори на финансирање на иновациите“ се разгледува пристапите до програми инвеститори и бизнис ангели како и постапката за заштита на интелектуална сопственост. Секоја презентација предизвикуваше интерес и

конкретни прашања кон пртезентерите, кои ја искористија можноста исцрпно да одговорат и дообјаснат темата, а дополнително се разви и дискусија, односно предлози од голема корист за дизајнирање на следни семинари од овој вид.

Агенцијата за поддршка на претприемнштвото на РМ во соработка Фондацијата за Менаџмент и индустриско истражување, организираа годишна конференција на тема:"Европската мрежа на ментори за жени претприемачи„ која се одржа на 20ти септември 2012 година во „Конгресниот центар на Скопски саем" во Скопје. На конференцијата присуствуваа околу 60 лица, поголемиот број беа жени претприемачи, присуствуваа и бизнисмени-ментори од мрежата од Србија како и претставници од Националната агенција за регионален развој на Србија, кои презентираа успешни приказни од процесот на менторирање во нивната земја и разменија бизнис контакти со нашите ментори. Настанот ја одбележа годишнината од почетокот на формирање и работа на националната мрежа на ментори за жени претприемачи. Претставник од Фондацијата за Менаџмент и индустриско истражување, националниот координатор на мрежата и директорот на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Р. Македонија, зборуваа за значењето на оваа иницијатива за нашата земја. Конференцијата беше одлична можност на едно место да се соберат партнерите на проектот, менторите и менторираните жени претприемачи за да ги разменат своите искуства и предизвици од функционирањето на менторските врски. Во рамките на овој настан се одржа обука за менторираните жени претприемачи на тема "Личен продажен план".

Според активноста, заангажираноста и оцените на учесниците, темата и предавачот се покажаа како вистински избор за првата обука во рамките на оваа конференција. Во наредниот период ќе се одржат и други обуки во области кои жените претприемачи ги избраа како најинтересни за унапредување на нивните менаџерски способности.

## 1.10 Организирање на локални семинари за иновации и претприемништво

Средствата за оваа активност наместо за организирање на локални семинари се употребени за изработка на извештај за проектот INTERVALUE кој проект имаше за цел да го согледа нивото на развој на иновации кои го содржат потенцијалните иновативни проекти.А проектот INTERVALUE ги организираше семинарите во Скопје и во Битола кои се опфатени со оваа точка од програмата на АППРМ , а чија цел е промоција на значењето на иновациите и МСП, со цел подигање на свеста на претприемачите и другите инволвирани страни за нивното значење.

Документот "Policy recommendations" има за цел да ги сумира искуствата од имплементацијата на проектот INTERVALUE во Македонија. Документот ги идентификува пречките и факторите за успех, во иновациите а истовремено обезбедува препораки за идни активности поврзани со валоризација на истражување на иновации, базирајќи се на проектните искуства. Преку проектот INTERVALUE сите партнери беа вклучени во: прибирање на истражувачките резултати од нивната област, градење на мрежи на истражувачи и експерти,

асистирање на истражувачите при валоризација на нивните истражувачки резултати, спроведување пилот проекти и дисеминирање на резултатите од истите.

Во Македонија, проблемите со слабата комерцијализација на резултатите од истражувањето и развојот се должат на различни фактори, како што се: некомплетна поддржувачка инфраструктура која би стимулирала и поддржувала релевантни истражувачки активности преземени и од академските институции и од претпријатијата; непосотење на соодветни инструменти кои би стимулирале истражувачки активности и комерцијализација на резултатите; некомплетна правна рамка за создавање и сопственишто над истражувачки резултати од страна на универзитетите, како и нивниот трансфер; недоволни средства посветени на поддршка и финансирање на истражување и развој (ИР); неповрзаност меѓу културата на истражувачите и интересите на претпријатијата; слаба свесност и посветеност на актерите од тројниот иновациски хеликс (универзитети, индустрија – стопанство, Влада) за огромниот потенцијал на инвестирањето во ИР, валоризирањето на резултатите и конечно, нивната комерцијализација. Поаѓајќи од овие идентификувани проблеми, документот се осврнува на нивно третирање преку следните делови:

1. Научени лекции од имплементација на проектот;
2. Препораки за политики кон локалните и националните власти;
3. Препораки кон бизнис заедницата;
4. Препораки за одржливост на Академската Мрежа и Платформа на INTERVALUE.

### 1.11 **Промотивни активности (саеми, деловни партнерства)**

Седмиот ромски економски и бизнис форум се одржа на 05.04.2012 година, во хотел "Континентал" - Скопје. Организатор на форумот беше здружението Ромски деловен информативен центар на Македонија (ЗРДИЦМ), во соработка со Општината Шуто Оризари и со финансиска поддршка на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ). Отварањето на форумот беше направено со поздравниот говор на Заменикот на Претседателот на Владата на РМ задолжен за економски прашања, г-нот Владимир Пешевски, кој истакна дел од активностите на Владата насочени кон подобрување на економскиот амбиент за развој на бизнисите и вработувањето воопшто, како и за подобрување на социјално-економскиот статус и интеграцијата на ромската заедница. Поздравно обраќање до присутните имаше и пратеникот во Собранието на Република Македонија, г-нот Амди Бајрам.

Првата сесија на форумот започна со завршната презентација на проектот "Создавање приходи преку собирање на пластика за рециклирање" и обраќањето на г-нот Зоран Цали, Административен директор на Фондацијата Отворено општество - Македонија, со чија финансиска поддршка беше реализиран претставениот проект,

спроведен од страна на здружението Ромски деловен информативен центар на Македонија во периодот април 2011-март 2012.

Во рамките на првата сесија, од страна на координаторот на ЗРДИЦМ, г-ца Василка Галевска, беше презентирана и идејата за основање на Едукативен Рециклаторски Центар, а свое мислење за значењето и потенцијалите на ваквиот центар пренесе и Заменикот министер за животна средина и просторно планирање, г-н Стево Темелковски. Првата сесија беше заокружена со излагањето на г-н Бранко Азески, Претседател на Стопанската комора, по што следуваше кафе пауза.

Втората сесија на форумот започна со излагањето на Заменикот министер за труд и социјална политика, г-н Ибрахим Ибрахими, на што се надоврзаа презентациите на г-нот  Абдусамед Шабани - Заменик директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, и г-нот Урим Касапи - Раководител на Програмата за вработување при UNDP.

Втората сесија беше заокружена со презентациите на г-нот Александар Станојковски од Македонска банка за поддршка на развојот, г-ѓата Јасмина Поповска од Македонската развојна фондација за претпријатија и г-ѓата Снежана Бошковска од фондацијата Хоризонти.

По втората сесија следуваше дискусија во која, во најголем дел, учествуваа ромските бизнисмени присутни на форумот, по што следуваше и затварањето на настанот со сумирањето на презентациите и дискусиите и донесување на заклучоци од форумот.

На Седмиот ромски економски и бизнис форум присуствуваа: ромски бизнисмени и потенцијални претприемачи од Македонија, Бугарија, Србија и САД; претставници на Владата и Собранието на РМ; претставници од Општината Шуто Оризари; претставници од Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија; УНДП, МРФП, МБПР, фондација Хоризонти, Фондација Отворено општество - Македонија, АД Пивара Скопје, ОДИХР, Сојуз на жени на Македонија и консултантски организации; претставници на ромски политички партии; претставници на амбасади (Амбасада на Федерална Република Германија, Амбасада на Романија, Амбасада на Бугарија, Канцеларија за врски на Република Грција) и претставници на електронски медиуми (МИА, ТВ БТР Национал, 24 Вести, Македонско Радио, Телма и др.).

## <u>1.12 Организирање на обука за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис</u>

Во соработка со Машинскиот факултет и Националниот центар за претприемачко учење се организираа две обуки за наставници од средни и основни училишта на тема: “Принципите на претприемачкото образование“ со цел подигање на свеста за претприемништвото. Имено од учебната 2012/2013 година претприемништвото се изучува во сите години од средното образование, додека од учебната 2013/2014 овој предмет ќе се изучува и во основното образование.

Овој настан послужи и како настан за размена на искуства на кои наставниците од средните училишта им го пренесоа знаењето, искуствата и предизвиците на своите колеги од основните училишта. Обуката се оддржа при Машинскиот факултет во Скопје. Предавачи на обуката беа Проф. Радмил Поленаковиќ, Проф. Дејан Пендев, претставници од Бирото за развој на образование и млади претприемачи. Вкупно, на обуките присуствуваа околу 250 наставника.

## 1.13 **Организирање на обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа**

На 15ти и 18ти Мај 2012 година, во соработка со Универзитетот Кирил и Методиј на Факултетот за Електротехника и информациски технологии Скопје и на Машинскиот факултет во Скопје беа одржани 2 еднодневни обуки на тема "Обука за студенти за подготовка на апликации за конкурирање за работа.''
На обуките беа присутни околу 60 студенти на кои им беше презентирано кои се потребните документи при аплицирање на работа како што се (мотивациско писмо и резиме) со цел да се подигне свеста на младите луѓе за полесно пристапување кон пазарот на трудот. Покрај консултантот кој што беше ангажиран за спроведување на обуките присуствуваа и претставници од неколку приватни фирми кои ги пренесоа нивните искуства и практики при вработување на млади лица.

## 1.14 Кофинасирање на донаторски проекти

Во рамките на оваа активност беше кофинансирани активности во рамките на проектот Меѓурегионална соработка за валоризација на истражувачки резултати. Имено, дел од средствата беа искористени за покривање на трошоците за специјализиранаата обука за создавање и користење на сертификатни марки и географски називи за мали и средни претпријатија и земјоделски здруженија која се оддржа кон крајот на 2011 година. Оваа обука ја организираа Агенцијата за поддршка на претприемнштвото на РМ во соработка со Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Европскиот информативен и иновативен центар во РМ и меѓународниот проект Регионална соработка за валоризација на истраживачките резултати на тема: Заштита на земјоделски и прехранбени производи со ознаки за квалитет како можност за зголемување на конкурентноста и иновативноста на МСП.

Остатокот од средставата беа искористени за подготовка на сумарен извештај од истражувањето на 8-те иновативни проекти во рамките на проектот Меѓурегионална соработка за валоризација на истражувачки резултати

## 1.15 Општа обука на МСП и здруженија во рамки стопанските комори за заштита на правата од интелектуална сопственост

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија - Европски Информативен и Иновативен Центар во Македонија, во соработка со Државниот Завод за Индустриска Сопственост, беа организатори на настанот: „Брендирање и заштита на правата од интелектуална сопственост - предизвици и добри практики", што се одржа на 13.06.2012 година во Скопје во хотел: „BEST WESTERN" Хотел Турист, сала АМБАСАДОР.

На настанот беа поканети да земат учество заинтересирани компании, институции, консултанти и поединци. Број на учесници - 35. Учеството на настанот беше бесплатно.

На настанот беа презентирани актуелни теми од следните говорници:

1. „Ризици од користењето нелегален софтвер" – Г-ѓа Билјана Јанева, MICROSOFT

2. „Придобивките од заштитата на трговските марки" – Г-дин Симчо Симјановски, ДЗИС

3. „Бренд стратегија на СКОВИН"- Г-ѓа Елена Атанасова, СКОВИН

4. „Организација, надлежности и улога на Државниот пазарен инспекторат во заштитата на правата од интелектуална сопственост" – Г-ѓа Билјана Србиновска

5. „Улогата на Координативното тело за интелектуална сопственост" - Г- дин Мите Костов, ДЗИС

6. „Користењето на трговската марка во дизајнирањето на претпријатието – прашалник" - Г-дин Љубиша Николовски, АППРМ

За секоја тема учесниците имаа своја дискусија и прашања.

## 2. Активности на АППРМ кои не се опфатени со Програмата 2012

### 2.1 Европски Информативен и Иновативен Центар Македонија (ЕИИЦМ)

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, дел од Европскиот Информативен и Иновативен Центар во Македонија успешно ја започна реализацијата на Работната Програма 2011/12 година.

Во табелата подолу даден е преглед на вработените од АППРМ инволвирани во ЕИИЦМ и нивната процентуалната ангажираност за 2011 година, согласно предвиденото во Работната Програма 2011/12.

| Персонал | Процент на ангажираност за 2011/12 |
|---|---|
| Маја Тасева | 65% |
| Елеонора Божиновска | 40% |
| Љиљана Вуковиќ | 40% |
| Горан Димовски | 30% |
| Љубиша Николовски | 50% |
| Никола Таневски | 50% |

Преглед на реализирани проектни активности согласно Работната Програма за 2012 година:

**Акција 1 – Промотивни активности на АППРМ-ЕИИЦМ во Република Македонија**

Во извештајниот период промотивните активности на АППРМ-ЕИИЦМ, главно се одвиваа преку статии објавувани на интернет страната на Центарот, електронскиот весник на Центарот, статии во електронски медиуми и публикување на промотивни материјали.

Во рамките на оваа акција подготвени се материјали и извршена е дистрибуција на 11 броја на електронскиот весник на ЕИИЦМ за кој се подготвени 4 статии и 30 странски профили на претпријатија кои бараат соработка со македонски претпријатија. За интернет страницата на ЕИИЦМ подготвени се 21 статија..

Подготвени се брошурите „Online водич за извоз на стоки во Европската Унија " и "Стандарди и Сертификати – клуч за вашата конкурентност" и 5 лифлети: „Export Helpdesk – помош при извоз во ЕУ ", " Патент ", „Лиценца ", „Програма за помош при усогласување на законодавството за еколошка заштита за МСП – Мали, чисти и конкурентни " и „TARIC и други современи услуги". Изработените промотивни материјали се објавени на интернет страницата на АППРМ. Исто така, објавени се и 6 статии во електронски медиуми. Вкупниот број на индивидуални клиенти до кои е допрено со промоцијата во извештајниот период изнесува 454.

**Акција 2 – Настани организирани од страна на АППРМ-ЕИИЦМ во Република Македонија**

Во рамките на оваа акција предвидено е организација на промотивни, тренинг и конзорциумски настани за МСП, согласно улогата на АППРМ како партнер во Enterprise Europe Network и природата на активностите кои Агенцијата ги извршува.

Во извештајниот период реализирани се 2 промотивни настани и тоа промотивен настан во рамките на Европската недела на МСП „Претприемаштвото – соодветен одговор на предизвиците на окружувањето" на 30.05.2012 во Скопје, на кој беа присутни 25 учесници, како и „Брендирање и заштита на правата од интелектуална сопственост – предизвици и добри практики", 13.06.2012 во Скопје, на кој беа присутни 39 учесници. Исто така, реализирани се и 2 обуки на тема: "Практична обука за аплицирање на ЕУ проекти" од 6 до 8.06.2012 во Охрид, и "Промоција на конкурентен извоз – учиме за извоз" во Скопје на 19.12.2012, на која беа присутни 29 учесници. АППРМ учествуваше во поддршката на реализацијата на Конзорциумски настан за Седмата Рамковна Програма – работна група, кој се одржа на 10 -11.10.2012 во Скопје и на истиот беа присутни 42 учесници.

**Акција 3 – Информации за ефектите од имплементацијата на Европската легислатива во Република Македонија доставени до Европската комисија**

Република Македонија како земја кандидат има лимитиран пристап и придонес во Европските механизми за обезбедување повратни информации до ЕУ за проблемите и последиците со кои се соочуваат МСП на пазарите во ЕУ (SOLVIT, European business test panel (EBTP) and Lead Market Initiative), предизвикани од актуелната ЕУ легислатива и политики. Со оглед на помалото значење на оваа акција, активностите ќе бидат насочени кон промоција (статија во електронскиот весник на ЕИИЦМ / електронски /

печатен медиум) и информирање на МСП при реализацијата на настани и директни контакти.
Во извештајниот период подготвена е 1 статија за електронскиот весник на ЕИИЦМ и електронски медиум.

**Акција 4 – Размена на информации и комуникација со клиентите на АППРМ-ЕИИЦМ и со партнери од Enterprise Europe Network**

Во извештајниот период, оваа акција, главно се одвиваше преку одговори на прашања поставени од македонски МСП, партнерите во Enterprise Europe Network и одговори на прашања поставени преку локални партнери.
Согласно горе наведеното одговорени се 70 прашања поставени од страна на МСП, 35 прашања поставени од партнерите во Enterprise Europe Network, 40 прашања поставени преку локални партнери и извршена е 6 интра конзорциумски асистенција на клиент.

**Акција 5 – Први средби со клиентите на АППРМ-ЕИИЦМ во Република Македонија**

Поширoката цел на оваа акција е зголемување на свесноста за активностите, услугите на Enterprise Europe Network и обезбедување клиенти заради воспоставување долгорочна соработка.
Во извештајниот период реализирани се 100 средби со компании.

**Акција 6 – Помош во интернационализација на дејноста на МСП и поддршка на иновативни активности во Република Македонија**

Активностите во оваа акција главно се однесуваат на специјализирани услуги и индивидуална советодавна помош на МСП на различни теми поврзани со иновативноста и интернационализацијата на МСП. Видовите услуги кои се пружаат на МСП се: услуги за пристап до ЕУ програми, останати услуги за интернационализација, барање партнери за учество на ЕУ повици за поднесување предлог проекти, услуги од областа на правото на интелектуална сопственост и технолошки аудит.
Во извештајниот период обезбедени се специјализирани услуги за 14 клиенти. Во делот на правата на интелектуална сопственост обезбедени се услуги за 4 клиенти, реализиран е 1 технолошки аудит. Во однос на можностите за финансирање на сопствените бизниси обезбедени се услуги за 3 клиенти во делот на Европската Програма Еурека, Седмата Рамковна Програма и Програмата за конурентности и иновации (ЦИП). Останатите услуги за интернационализација и иновации реализирани се преку пружање услуги на 5 клиенти во делот на секторски ориентирани барања партнери за влез на странски пазари, основање компанија во странство и ЕУ поддршка за иновации и трансфер на технологија. Исто така, реализирано е 1 барање партнери за учество на FP7 повик.

**Акција 7 – Организација на брокерски настани и компаниски мисии**

Поширока цел на оваа акција е придонес во развојот на меѓународно конкурентни компании преку олеснување на пристапот до пазарите и создавање на транснационални партнерства. Во овие рамки активностите се однесуваат на организација на транснационални брокерски/b2b настани и компаниски мисии, следење на резултатите од остварените средби и помош на клиентите во склучување на партнерски договори.

Во извештајниот период реализирани се 2 брокерски/b2b настани и 1 компаниска мисија: "B2B Foodrex Expo", 9-12 Февруари 2012 Белград, Србија со 1 учесник кој оствари 4 деловни средби, "Меѓународни деловни средби – МОС 2012", 13. Август 2012 во Целје, Словенија, со 1 учесник кој оствари 10 деловни средби и Компаниска Мисија во Истанбул, Турција на 29 Ноември 2012 со 1 учесник и 1 деловна средба.

**Акција 8 – Информативни услуги прилагодени спрема потребите на клиентите**

Поширока цел на оваа акција е зголемување на протокот на информации од базите на податоци на Enterprise Europe Network, Европската Агенција за конкурентност и иновации и други ЕУ извори, како и да се приближат услугите на ЕИИЦМ до клиентите, врз основ на однапред антиципирани потреби и приоритети. Активностите во оваа акција се однесуваат на обезбедување информативни услуги од Enterprise Europe Network (Automatic Matching Tool – алатка за автоматско поврзување на технолошки профили) и ЕИИЦМ и истите се реализираат преку интернет страницата на ЕИИЦМ.

Во извештајниот период регистрирани се 5 клиенти за услуги прилагодени спрема потребите на клиентите и 3 клиенти за користење на АМТ алатката.

**Акција 9 – Создавање на предлози за партнерства**

Целта на оваа акција е интернационализација и зголемување на соработката на македонските МСП и другите корисници на услугите на ЕИИЦМ, со партнерите од мрежата во полето на бизнис, технологии и научно истражувачки програми финансирани од ЕУ Фондовите. Во рамките на оваа акција, активностите на АППРМ-ЕИИЦМ продолжуваат со веќе воспоставената практика на генерирање, поднесување, дисеминација и ефективна промоција на предлозите за создавање партнерства како профилите за бизнис соработка, технолошка понуда/побарувачка, обработка на изразите на интерес за соработка направени од страна на македонските и странските МСП.

Во извештајниот период подготвени и дисеминирани се 57 профили на македонски претпријатија за бизнис соработка во мрежата, 3 профили за соработка во делот на технологии. Во делот на промоцијата на странски компании кои бараат соработка со македонски компании, промовирани се 30 странски профили за бизнис соработка преку Електронскиот Весник на ЕИИЦМ и 6000 профили за технолошка соработка преку интернет страницата на АППРМ и директна електронска пошта. Промоцијата на странските и македонските профили во мрежата и преку алатките достапни на АППРМ, резултираше во добиени 67 изрази на интерес од странски компании за соработка македонски компании и направени се 18 изрази на интерес од македонски компании кон странски компании. Исто така, се врши континуирано следење на комуникацијата меѓу клиентите, редовна размена на информации со инволвираните партнери од мрежата, со крајна цел постигнување договори за партнерство.

**Акција 10 – Учество во активности на Мрежата и на Конзорциумот**

Цел на оваа акција е зголемување на капацитетот на Конзорциумот, вештините на проектниот тим и создавање додадена вредност за Enterprise Europe Network. Активностите во оваа акција се однесуваат на учество на обуките на Enterprise Europe Network/ Регионални обуки, секторски групи, годишната конфернција на Enterprise

Europe Network, настани организирани од Мрежата и Европската Комисија, размена на персонал, состаноци на ниво на Конзорциум и на проектниот тим, како и организација на интер конзорциумска обука.

АППРМ-ЕИИЦМ учествува во секорската група за Информациско Комуникациски Технологии., во овие рамки преставник од АППРМ - ЕИИЦМ учествуваше на 2 состаноци на ИКТ Секторската група и тоа во Нови Сад, Србија од 29.05 – 01.06.2012 и Истанбул, Турција на 28-29.11.2012. Во рамките на предвиденото беа одржани редовни состаноци на проектниот тим и конзорциумот на ЕИИЦМ.

Согласно предвиденото во Работната Програма, а со цел подобрување на проектниот менаџмент и координација, беа формирани и работни групи кои координираа определени заеднички конзорциумски активности. Во оваа насока беа формирани работни групи за организација на настани, публикации, контрола на квалитет, група за следење на извршувањето на работната програма и во истите проектните советници од АППРМ беа активно вклучени.

## 2.2 Активни политики за вработување за 2012 година

Во 2011 година беше успешно реализиран проектот на Владата на РМ - поддршка за самовработување со грант – семеен бизнис. Во таа смисла, во текот на месеците јануари и февруари 2012 година, за овој проект беше подготвен Извештај за реализираните активности кои се однесуваа на обврските на АППРМ во проектот.

Како резултат на успешно применетите активни програми и мерки за вработување во 2011 година, Владата на РМ за 2012 година во Оперативниот план предвиде реализација на активните мерки на пазарот на трудот (АМПТ), што треба да ги реализира Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување на РМ и Агенцијата за поддршка на претприемнштвото на РМ.

АППРМ зеде активно учество во изработката на Оперативниот план за вработување во делот на самовработувањето, односно реализација на советувања и изработка на одржлив бизнис план.

### 2.2.1 Програма за самовработување со грант

Целта на програмата е намалување на невработеноста преку започнување на нови бизниси. Непосредна цел е да се создадат 900 самовработувања/ семејни бизниси.

Програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на солидни и одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот. Со оваа програма беа опфатени нови категории на апликанти со поголемо фокусирање на ефикасноста на поддршката во промовирањето на претприемништвото.

Согласно „Програмата за Самовработување 2012” во текот на оваа година треба да бидат подржани 900 евидентирани невработени лица, за неколку целни групи.

За учество во горенаведените програми/мерки, можат да се пријавуваат само евидентирани невработени лица во АВРМ. Согласно препораките во ОП 2012-2013,

за да се обезбеди поголема одржливост и ефикасност на активните програми за вработување, невработените лица се групирани во неколку групи.

За програмите Самовработување и Финансиска поддршка на правни субјекти за отворање на нови работни места, кои треба да обезбедат одржлив раст најсоодветни целни групи се:

1. долгорочно невработени (над 1 година евидентирани во АВРМ)
2. евидентирани невработени лица над 6 месеци
3. поранешни вработени лица во дејноста на енергетиката на кои работниот однос им престанал поради деловни причини
4. професионални војници на кои им престанала службата во АРМ
5. млади лица до 27 годишна возраст
6. корисници на паричен надоместок по основа на невработеност

Проектот е дел од Оперативниот план на Министерството за труд и социјална политика, а активни учесници и партнери во проектот се: УНДП, АВРМ и АППРМ.

Проектот се реализира во два главни циклуса, секој во четири главни фази:

I. Јавен оглас, пријавување, аплицирање и селекција на учесници;

II. Обука за деловно планирање и управување, развој на бизнис планови, селекција на најдобрите бизнис планови;

III. Регистрација на фирма, самовработување и потпишување на договор за грант и

IV. Набавка на опрема и/или материјали.

**<u>Прва фаза</u>**

Оваа фаза ги опфати следните чекори:

а) Изготвување на Оперативни упатства,

б) Известување на јавноста – Јавен оглас,

в) Информирање на кандидатите за правата и обврските за мерката, потпишување на изјава за согласност, како и пополнување апликациони формулари – Пријава

г) Регистрација на апликантите во центрите за вработување и прва селекција според целни групи,

**<u>Втора фаза</u>**

Оваа фаза се реализираше во два циклуса, односно беше предвидена реализација на дводневна обука за деловно планирање и управување со 1121 кандидат, и еднодневна обука за самостојна изработка на бизнис план за 365 кандидати.

Целта беше развој, осмислување и спроведување обука за самовработување и формирање нови фирми, наменета за подобрена подготвеност за работа преку градење индивидуални капацитети за претприемништво.

Дводневната обука, во двата циклуса, ја завршија вкупно 1036 кандидати кои беа рангирани од страна на селекциона комисија и Проектниот одбор.

Вториот дел од оваа фаза беше изработка на 750 одржливи бизнис планови во два циклуса. Реализацијата на првиот циклус што подразбира изработка на 452 одржливи бизнис планови за невработените лица се реализираше во месец мај, а од вториот циклус во месец јули. Средбите беа организирани од страна на АППРМ при што беа пријавени и одбрани 92 советници од Каталогот на советници при АППРМ за изработка на бизнис плановите. Овие средби имаа за цел невработените лица на транспарентен начин да одберат консултант со чија помош ќе биде изработен одржлив бизнис план врз основа на идејата на кандидатите.

Како административна поддршка на проектот за реализација на првиот и вториот циклус беа вклучени ОДП од Скопје, Охрид, Куманово, Велес, Битола, Тетово и Струмица.

Средбите беа реализирани во Центрите за вработување и резултатите се прикажани во следната табела:

| ЦИКЛУС I | Време на реализација | Место | Број на издадени ваучери | Број на изработен и БП | Број на ангажирани консултанти |
|---|---|---|---|---|---|
| Прва фаза | 03-04. мај | Битола, Валандово, Гевгелија, Дебар, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Македонски Брод, Неготино, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети НИколе, Скопје, Струмица и Тетово | 287 | 287 | 72 |
| Втора фаза | 15-16 мај | Берово, Велес, Виница, Гостивар, Делчево, Кочани, Крушево, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга и Штип | 165 | 165 | 45 |
| **Циклус II** | 17, 18 и 19 Јули | Битола, Ресен, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Пробиштип, Свети Николе, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Струга, Скопје, Берово, Делчево, Кочани, Виница, Гевгелија, Валандово, Радовиш, Штип, Струмица, Гостивар, Тетово, Велес, Неготино и Неготино | 298 | 297 | 87 |
| **ВКУПНО** | | | **750** | **749** | **92** |

За изработка на предвидените 749 бизнис плана советниците беа потрошени вкупно 8.239 советнички часа, односно по 11 часа за еден бизнис план.

Од вкупно изготвените 749 бизнис плана во двата циклуса, експертска комисија составена од банкарски експерти и претставник од АППРМ, според однапред утврдени критериуми од страна на Проектниот одбор, изврши рангирање и најдобрите бизнис планови ќе бидат упатени во следната фаза, односно регистрација на претпријатието и реализација на грант за набавка на опрема.

**<u>Третата фаза</u>** која е во надлежност на УНДП и АВРМ ги опфаќа следните активности:

- Регистрација на фирма, самовработување и потпишување на договор за грант

Оваа фаза беше реализирана во текот на месец јули 2012 година за првиот циклус и заклучно месец септември за вториот циклус.

**<u>Четвртата фаза опфаќа</u>** која е во надлежност на УНДП**:**

- Набавка на опрема / репроматеријали,

Оваа фаза беше реализирана од октомври до декември 2012 година.

Покрај организацијата, логистиката и учество во реализација на проектот „Самовработување 2012”, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија нема свое финансиско учество.

Во текот на извештајниот период АППРМ, како партнер во проектот, зеде активно учество во реализацијата на Оперативните насоки за спроведување на проектот, односно:

- Учество во подготовка на концептот на предлог проектот,
- Учество во подготовка на оперативните насоки, особено во делот на активностите на АППРМ, со детален опис на активностите и задолженијата на вклучените партнери од страна на АППРМ, односно организациите за деловна поддршка.
- Учество во работните групи за реализација на оваа активна мерка, односно селекција на невработени лица од предвидените целни групи.
- Потпишување на меморандум за соработка помеѓу УНДП и АППРМ за реализација на фазата – организација и советување за изработка на бизнис планови за невработени лица,
- Потпишани се Договори со 7 (седум) ОДП за реализација на оваа фаза од програмата Самовработување со грант.

За време на реализација на Втората фаза од проектот, во **двата циклуса** од оваа фаза реализирани се следните активности:

- Селектирани се дополнителни консултанти за изработка на Бизнис план и ажуриран е прегледот на овластени консултанти,
- Направен е преглед на консултанти овластени за изработка на Бизнис план и истиот е објавен на веб страницата на АППРМ, во делот на

вaучерско советување, Каталог на консултанти - http://www.apprm.gov.mk/katalog.asp

- Изработени се Работни планови за првиот и вториот циклус по кои треба да се одвиваат средбите помеѓу консултантите и клиентите,
- Изработни се планови за работа на фазата за изработка на Бизнис плановите во првиот и вториот циклус,
- На веб страницата на АППРМ објавен е распоредот на средбите помеѓу консултантите и клиентите во првиот и вториот циклус, со можност сите овластени консултанти од базата на АППРМ, квалификувани и овластени за изработка на бизнис план, да се вклучат во проектот “Промовирање на одржливи вработувања“ со изработка на Бизнис план за невработените лица,
- Според интересите и можностите на консултантите, како и потребите на АППРМ за задоволување на локалниот/ регионалниот принцип на застапеност на консултанти, направени се прегледи на пријавени консултанти по Центри за вработување во двата циклуса одделно,
- Изработени се листи на поврзувања помеѓу невработените лица селектирани од страна на Селекционата комисија и пријавените, односно одбраните советниците од Каталогот на АППРМ. Листите содржат точно место, ден и час на средбите кои треба да се одвиваат во центрите за вработување во рамки на првиот циклус од проектот “Промовирање на одржливи вработувања”. Средбите во **првиот циклус** беа реализирани во две фази и тоа во првата фаза беа закажани за 3 и 4 мај и сите 295 кандидати беа повикани од страна на соодветните центри за вработување каде беа предвидени средбите за одржување. Средбите во втората фаза беа закажани за 15 и 16 мај и сите 176 кандидати беа повикани од страна на соодветните центри за вработување каде беа предвидени средбите за одржување. Средбите во **вториот циклус** беа закажани за 17, 18 и 19 јули и сите 298 кандидати беа повикани од страна на соодветните центри за вработување каде беа предвидени средбите за одржување.
- Известени се Регионалните центри и сите консултанти вклучени во проектот за точниот износ на средствата од грантот во висина од 185.000,00 денари со вклучен ДДВ, односно за можната набавка на основни средства, опрема и репроматеријали,
- Предвидените средби помеѓу консултантите и невработените лица беа одржани во простории на секој центар за вработување согласно направениот план,

§ По комплетирањето на списокот на клиенти кои не може да продолжат во проектот, утврдено е дека дваесет (35)[2] од нив се откажани,

§ Од страна на Регионалните центри примени се сите клиенти кои, од оправдани причини, не беа во можност да се појавата на закажаните средби со консултантите како би избрале консултант и подигнале ваучер,

§ Заклучно со 19..07.2012 година, во двата циклуса, од страна на седум регионални центри беа издадени **749 ваучери**[3] за изработка на бизнис план на исто толку невработени лица од листата на невработени лица кои ја имаат поминато обуката “Од идеја до бизнис”,

§ Бројот на издадените ваучери, во име и за сметка на АППРМ, по Регионални центри е као следи:

- Од страна на Регионален центар **Струмица** издадени се вкупно **117 ваучери**,
- Од страна на Регионалниот центар **Охрид** издадени се вкупно **99 ваучери**,
- Од регионалниот центар **Куманово** издадени се вкупно **105 ваучери**,
- Од регионалниот центар **Битола** издадени се вкупно **143 ваучери**,
- Од регионалниот центар **Велес** издадени се вкупно **60 ваучери**,
- Од Регионалниот центар **Скопје** издадени се **156 ваучери**, за исто толку за клиенти од Центарот за вработување Скопје.
- Од регионалниот центар **Тетово** издадени се вкупно **69 ваучери**,

§ Од вкупниот број од 199 консултанти, овластени за изработка на Бизнис план од страна на АППРМ, изработен е список на 92 консултанти вклучени во проектот и број на клиенти превземени за изработка на Бизнис план од секој консултант поединечно,

§ Известени се сите 92 консултанти вклучени во проектот “Промовирање на одржливи вработувања“, за начинот и постапката на фактурирање согласно Прирачникот на процедурите за спроведување на програмата на ваучерско советување, како и можноста и начинот за повраќај на ДДВ,

§ Од извештаите на консултантите кои ги доставуваат до АППРМ, може да се заклучи дека најголем број од нив оствариле минимум по една средба со клиентите која се одржала кај клиентот и просечно секој консултант имал дополнително уште две средби со клиентите кој се одржале во простории на консултантот или регионалните центри,

[2] 34 се откажани на самите средби со советниците и еден кандидат после изработката на бизнис планот
[3] Во првиот циклус во две фази беа издадени вкупно 452 ваучери, а во вториот циклус 297 или вкупно 749 ваучери

- Организирана е достава до АППРМ, во електронска и печатена форма на сите **749 Бизнис плана** изработени од страна на овластените консултанти и истите бизнис планови доставени се во УНДП,
- Ажуриран е списокот на клиенти кои се откажале во овој циклус и тоа: веднаш или во фазата на изработка на Бизнис планот:

**Конечни резултати од првиот циклус:**

- Предвидена изработка на **750 бизнис план**,
- Изработени и доставени до УНДП - **749 бизнис планови.**

Вкупен приказ (Циклус 1 и 2) за постигнатите резултати во програмата Самовработување

| | Вкупни податоци за Циклус 1 и 2 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активност | ВКУПНО | МАЖИ | | ЖЕНИ | |
| ПРИЈАВИЛЕ ИНТЕРЕС | **4783** | 3114 | *65%* | 1669 | *35%* |
| ПОПОЛНИЛЕ ПРАШАЛНИК | **3995** | 2623 | *66%* | 1372 | *34%* |
| СЕЛЕКТИРАНИ за обука | 1486 | 944 | *64%* | 542 | *36%* |
| ОБУКА „Развој на бизнис идеја“ | 1121 | 694 | *62%* | 427 | *38%* |
| ОБУКА „Изработка на бизнис план“ | 365 | 250 | *68%* | 115 | *32%* |
| Посетувале обука | **1386** | 874 | *63%* | 512 | *37%* |
| ОБУКА „Развој на бизнис идеја“ | 1036 | 633 | *61%* | 403 | *39%* |
| ОБУКА „Изработка на бизнис план“ | 350 | 241 | *69%* | 109 | *31%* |
| Изработени Бизнис Планови | **1069** | 676 | *63%* | 393 | *37%* |
| **Комп.1 Самовработување** | 749 | 457 | *61%* | 292 | *39%* |
| Комп.2 Формализирање | 320 | 219 | *68%* | 101 | *32%* |
| Регистрирани Бизниси | **900** | 529 | *64%* | 297 | *36%* |
| **Комп.1 Самовработување** | 649 | 402 | *62%* | 247 | *38%* |
| Комп.2 Формализирање | 251 | 173 | *69%* | 78 | *31%* |

### 2.2.2 Поддршка за самовработување со кредитирање

Владата на РМ донесе одлука за реализација на проект за самовработување со кредитирање на околу 2000 невработени лица.

Овој проект е под водство на Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ).

Во извештајниот период АППРМ, како партнер во проектот, зеде активно учество во реализацијата на следните активности:

- Учество во измена и дополнување на оперативните насоки, особено во делот на активностите на АППРМ, со детален опис на активностите и задолженијата на вклучените партнери,
- Проверка на оценката и рангирање на веќе оценетите мини бизнис планови од страна на регионалните агенции за вработување, односно:
    - во текот на месец февруари и март 2012 година, согласно оперативните насоки, од страна на АППРМ беа оценети и рангирани дел од пријавите од месец октомври, односно 326 мини бизнис планови.
    - Во текот на месец август оценети беа 136 мини бизнис планови и во месец ноември оценети се 157 мини бизнис планови иси се вкупно во 2012 година оценети се вкупно 619 мини бизнис планови.
- Учество во работата на Централната Комисија на овој проект,
- Учество во работата на Управниот одбор на овој проект.

## 2.3 Проект „Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење" (во соработка со Австријска развојна соработка)

Во периодот јануари – јуни 2012, Проектот - АППРМ Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење реализираше повеќе активности од сите четири компоненти.

Реализацијата на предвидените активности беше спроведена согласно временската и буџетска рамка без некои поголеми проблеми.

*Активност 1.2: Поддршка при подготовкана годишна програма за поддршка на МСП*

На почетокот на 2012, годишната програма на Владата, Министерството за економија и АППРМ за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновациите на МСП за 2012 беше подготвена и објавена во службен весник 12/2012.

*Активност 1.6: Организација на обуки за ваучер консултантите*

На 12 и 13 март 2012 во просториите на АППРМ се одржа обука за консултанти кои се регистрирани во ваучерскиот систем на советување.

Обуката беше спроведена од меѓународен експерт Анѓело Страно од Италија на тема Лобирање и Вмрежување на ЕУ проекти. На обуката присуствуваа 20 консултанти.

*Активност 1.9: Зајакнување на капацитетите на ново – формираните бизнис центри во рамки на општините*

Во периодот од 06-08 јуни 2012, во Охрид беше одржана обука на тема ЕУ фондови (со посебен осврт на преку - гранична соработка) и ПРАГ (упатства за набавки при реализација на ЕУ проекти) – Практична примена.

*Активност 2.3: Поддршка на Европски ден на претприемачот*

Македонија се приклучи кон одбележувањето на Европскиот ден на претприемачот и МСП. По тој повод на 30.05.2012, проектот ја поддржа организацијата на овој ден финансиски и со организација на неколку настани како доделување на наградите за најиновативен бизнис план, обуки на наставници од средните школи и сл.

*Активност 3.4: Натпревар за најдобар иновативен бизнис план*

Во периодот јануари – јуни 2012, заврши натпреварот за најиновативен бизнис план кој започна од ноември 2011.

Десет бизнис планови беа наградени чии носители регистрираа сопствени компании и бизнис плановите ги преточија во реален деловен зафат.

*Активност 3.11: Натпревар за најдобар бизнис план помеѓу гимназиите во Р.М.*

Оваа година под патрон на Н.Е. г-ин Д-р. Георге Иванов Претседател на Р.М., во периодот од јануари до април 2012 се одржа натпреварот за најдобар бизнис план напишан од ученици од средните училишта во Македонија.

Беа доделени шест награди:

Најдобар бизнис план 3 награди,

Најдобро презентиран бизнис план (наградата ја обезбеди Владата на Р.М),

Најперспективен бизнис план во областа на руралниот економски развој (наградата ја обезбеди Владата на Р.М) и

Најдобар бизнис план од областа на автомобилската индустрија (наградата ја обезбеди Машински факултет – Скопје)

## 2.4. Регионална соработка за валоризација на истражувачки резултати INTERVALUE

Во рамките на проектот Регионална соработка за валорализација на истражувачките резултати финансиран од страна на програма за ЈИЕ на ЕУ, во периодот јануари - јуни 2012 година се продолжи со реализација на активности поврзани со реализација на проектот. Имено, проектот иницијално требаше да заврши во март 2012, но поради доцнење со реализација на активностите кај дел од партнерите на проектот од Италија и Грција, истиот се продолжи до јуни 2012.

Во овој период до завршување на проектот беа завршени активностите за евалуација на иновативните решенија. Според проектниот план, се направи детална евалуација на 8 селектирани иновативни решенија. Истите се оценуваа, според нивната финансиска оддржливост, техничка и научна изводливост и колку истите се реални да се воведат на пазарот. За оваа активност, беа ангажирани експерти по оделна област кои имаат познавање од овие области.

Во месец март и април 2013 година во рамките на овој проект се организираа и два настани во Скопје и во Битола кои се всушност реализација на точка 10 од

Програмата на АППРМ, а чијашто цел беше промоција на значењето на иновациите и МСП, со цел подигање на свеста на претприемачите и другите инволвирани страни за значењето на иновациите и претприемништвото.

Како финален производ од овој проект, беа подготвени 2 извештаи. Еден сумарен извештај за резултати од истражувањето и евалуацијата на 8 проекти. Во рамките на овој извештај беше согледано нивото на развој и иновации кои го содржат потенцијалните иновативни проекти како и анализа на 8 проекти врз основа на 4 области по однос на кои тие беа разгледувани.

Вториот извештај беше подготовка на анализа на постоечките политики за иновации и истражување и развој како и препораки за одговорните институции за тоа во која насока треба да се движат кога ќе ги подготвуваат идните политики за овие области. Сумарните резултати од оваа анализа беа собрани и објавени со анализите подготвени од партнерите од другите земји.

По завршената финансиска ревизија на проектот подготовен е финален извештај со што и официјално ќе биде финализиран проектот со сите свои очекувани резултати.

Бидејќи соработката со партнерите на проектот беше успешна, во тек е подготовка на нова проектна апликација што ќе преставува продолжување на овој проект.

## 2.5. TEMPUS-DOCSMES

АППРМ е член на конзорциумот на проектот „Регионалани докторски студии по претприемништво и менаџмент" од програма на ЕУ наменете за поддршка на образованието – **ТЕМПУС**, во својство на владина институција и партнер - претставаник на бизнис секторот.

Во второто тромесечие на годината, на 4 Мај 2012, проектот реализираше повеќе активности, меѓу кои и интерактивен час за кандидидатите на докторските студии со присуство на гости говорници од земјата и странство (преку видео врска). Секој од нив, од аспект на природата на работење на своите институции ги образложија мерките и активностите кои го спроведуваат и се однесуваат на поддршката на приватниот сектор, МСП и претприемничтвото, генерално. АППРМ, преку својот претставник, преку едночасовна презентација и подоцна дискуја со докторантите, им ја обрзложи опертивната програма за работа на Агенцијата за 2012 година, како и повеќегодишната програма за поддршка на претприемништвото и иновативноста кај МСП, Националната развојна стратегија 2002-2013 и други релевантни документи донесени од старна на Владата на РМ.

Проектот DOCSMES (Регионални докторски студии по претприемнишво и менаџмент) на 1-ви Октомври 2012 во Приштина, Косово, реализира Работилница на која секој од проектните партнери направи преглед на своите активности и постигнати резултати во првата половина од работата на Проектот. Целта на работилницата беше да се изврши дисеминација на оддлените активности на партнерите, но и можност да се предложат нови активности кои би ја збогатиле програмата на докторските студии со содржини кои ќе придонесат резулатите до

крајот на проектот да бидат квалитетно релизирани. Во таа смисла АППРМ имаше своја презентација на активностите во врска со нејзиниот дотогашен ангажман (учество при изготвувањето на концептот и содржината на курикулумот на докторските студии, две истражувања за потребите на проектот, одржувањее на интерактивен час за кандидидатите на докторските студии ккаде тие беа информирани за мерките на опертивната програма за работа на Агенцијата за 2012 година, како и останатите стратешки документи со кои Владата на РМ го поддржува развојот на претприемништвото и конкурентноста на МСП.

АППРМ и Проектниот координатор од Универзитетот во Прилеп на 04 Декември 2012 имаа состанок на кои се разледаа идните активности помеѓу Универзитетот, Агенцијата и проектот во целина. Беше разговарано исто така и околу некои финансиско-технички прашаања, како и презентација на повеке од десетина теми кои Агенцијата предлага да бидат истражени и третирани од страна на кандидатите на доктоските студии за кои Агенцијата има потреба и интерес за сестрана соработка со докторанитите при нивната реализација.

## 2.6. Проект "New mentor"

Откако завршија сите активности од првата фаза на проектот и беа одредени менторите се премина на втората фаза и изборот на менторитани. До крајот на 2011 година беше објавен повик за менторирани во три дневни весници и започна процесот на селекција на пријавените кандидати . Во текот на месец јануари беа интервјуирани сите жени претприемачи кои се јавија на повикот и кои ги исполнуваа претходно утврдените критериуми за менторирани . До крајот на месец јануари беа одредени и менторираните и се започна со поврзување на менторите и менторираните во согласност со тоа со какви проблеми и предизвици се соочуваат менторираните и кој од менторите е најсоодветен да им помогне .Во месец февруари се одржа средба на сите партнери на проектот на која што беа претставени сите менторски парови и самиот процес на менторирање. На средбата беа објаснети обврските на менторите , обврските на менторираните како и обврските на контакт лицата а исто така беа дефинирани и следните активности на проектот. На 25.02.2012 година се одржа промотивен настан на проектот во Свети Николе на кој што присуствуваа сите парнери на проектот, ментори и менторирани. Целта на настанот беше да се оствари прва заедничка средба помеѓу менторите и менторираните, да се потпишат договорите за доверливост и со тоа да запошчне самиот процес на менторирање. За секој од менторите беше изготвен профил кој беше поставен на веб страната на Европската Комисија а исто така им беа доделени и сертификати за ментори. Во месец март беа остварени првите менторски средби на кои што менторот подетално се запозна со работата и проблемите со кои се соочуваат менторираните и врз основа на добиените информации беше изготвен План за развој за секоја менторирана. Планот за развој ги содржи целите кои што менторираната сака да ги постигне, активностите што се планираат да се превземат како и крајните рокови. На месечно ниво се одржува најмалку по една директна средба на менторот и менторираната а по потреба имаат

телефонска и електронска комуникација. После секоја средба менторот е должен да подготвува извештаи врз основа на кои контакт лицето ги изготвува кварталните извештаи. До крајот на месец јуни процесот на менторирање си тече без никакви пречки, и менторите и менторираните се задоволни од взаемната соработка а од страна на контакт лицата се изготвени првите квартални извештаи.

## 2.7. Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО)

Во рамките на проектот Механизам за забрзување на иновации во Југоисточна Европа (ФИННО)финансиран од страна на програма за ЈИЕ на ЕУ, во периодот јануари – јуни 2012 година се продолжи со реализација на активности поврзани со реализација на проектот при што се одржа 2та работна средба на партнерите од проектот во Виена Австрија, каде со договорија идните чекори за реализација на проектот.

Во рамките на проектот беа започнати и другите активности како што е Изработка на анализа за политиките и стратегиите поврзани со иновации и истражување во Р. Македонија. За изработка на оваа анализа беа ангажирани експерти кои имаат познавање од областа на истражување и иновации.

Исто така во средината на Мај во Букурешт Романија, се одржа третиот проектен состанок и првото основачко собрание на ФИННО комитет асоцијацијата. За време на дводневниот работен состанок, се разгледуваше напредокот кој е направен од страна на партнерите како и проблемите со кои се соочуваат истите. Во рамките на првото основачко собрание на асоцијацијата беа претставени интересите и гледиштата на проектот како и визијата и очекуваните резултати од формирање на ФИННО асоцијацијата. Претставниците на институциите дискутираа за правната рамка на асоцијацијата како и за статутот и претседателот на истата.

## 2.8. Семинари, обуки, тренинзи

Во периодот 06-08.06.2012 во Охрид, Хотел Белви, со поддршка на проектот „Градење на капацитетите за економија базаирана на знаење” беше организирана дводневна обука на тема „**Практична обука за аплицирање на ЕУ проекти**” на кој присуствуваа двајца вработени од АППРМ - Маја Тасева и Елеонора Божиновска.

## 2.9 Реализирани задачи како заклучок на Влада на РМ

### 2.9.1 Информации за можност за воведување на мерки за поддршка на МСП

Согласно точка 86 од шеесет и петата седница на Владата на Република Македонија оддржана на 01.06.2012 година (заклучоци 2 и 5), Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија подготви:

а) Информацијата за можноста за воведување на мерка – доделување на сертификати за start-up компании кои имаат значителен потенцијал за успех на пазарот според примерот на Швајцарија.

Информацијата опфаќа:

- Основни информации за институцијата и начинот на доделување на сертификати за start-up компании кои имаат значителен потенцијал за успех на пазарот,
- Можност за воведување на мерката во Република Македонија
- Предлог заклучок:

Се укажува на Министерството за економија да формира и координира работна група во состав со претставници од Министерството за економија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Заводот за индустриска сопственост, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и претставници од државните универзитети, најдоцна до 01.06.2013 година да достави детална информација до Владата за концептот, начинот на функционирањето и можностите за оддржливост на проектот за доделување на сертификати за start-up компании кои имаат значителен потенцијал за успех на пазарот.

б) Информацијата за можноста за проширување на активностите на Инфо пултот со воведување на можност малите и средните претпријатија да добијат бесплатни советувања од страна на специјализирани советници според примерот на Хонг Конг. Информацијата опфаќа:

- Основни информации за концептот малите и средните претпријатија да добиваат бесплатни советувања од страна на специјализирани советници спрема примерот на Хонг Конг,
- Можност за воведување на мерката во Република Македонија, и
- Предлог заклучок:

Се укажува на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија - АППРМ да формира и координира работна група во состав со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Заводот за индустриска сопственост и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, најдоцна до 01.03.2013 година да достави детална информација до Владата за концептот, начинот на функционирањето и можностите за оддржливост на проектот.

2.9.2 Проект: Поттикнување на spin off компании и комерцијализација на знаење

На триесет и шестата седница од Владата на Република Македонија одржана на 29.12.2011 година, и во согласност со записникот од третата седница на Комитетот за претприемништво и иновации, одржана на 22.12.2011 година, беше донесен заклучок да се подготви проект за поттикнување на spin off компании и комерцијализација на знаење.

Основната идеја на проектот  е да се обезбеди финансиска поддршка за формирање на универзитетски spin off компании - нови компании основани да експлоатираат дел од интелектуалната сопственост создадена во академска институција. Доделувањето на грантовите ќе се одвива во периодот од 2013 до 2015 година, при што секоја година би се поддржало формирањето на 5 универзитетски spin off компании.

Целна група опфатена со овој проект опфаќа две групи на корисници: универзитетите и истражувачките центри (особено инженерските дисциплини,

- природните и медицинските науки) кои располагаат со материјални ресурси (лаборатории, центри за истражување и развој) и нематеријални ресурси (знаењето од научниот прогрес во развиените земји), и
- претпријатијата кои се спремни да кофинансираат во комерцијализација на конкретен истражувачки проект.

Во техничка разработка на концептот на проектот беа вклучени:

- o Министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, г-дин Веле Самак
- o Ивана Матеска – соработник во Кабинетот на Заменик претседателот на Владата, задолжен за економски прашања
- o Душан Павлоски – советник во Кабинетот на Министерот без ресор, задолжен за странски инвестиции, г-дин Бил Павлески
- o Александар Тутновски – советник за меѓународна соработка во Министерство за образование и наука
- o Николина Трајановска – раководител во Министерството за економија
- o Ангела Васовска – помлад соработник од Министерството за финансии
- o Билјана Веселиновка - претставник од Министерство за здравство
- o Љубиша Николовски – Раководител во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

Во врска со проектот, подготвена е информација до Владата на Република Македонија во која се задолжува:

- Министерство за образование и наука, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции и работната група за проектот да подготват

предлог измени и дополнувања на Законот за високо образование и Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој.

- Работната група на проектот да подготви нацрт-текст на Правилник за поттикнување на формирање на универзитетски spin off компании.

2.9.3 Проект: Имплементирање на патенти

Согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 година во делот Економија со висок и одржлив раст-Бизнис клима и конкурентност, предвиден е проектот Имплементирање на патенти – финансирање до 50% од инвестицијата за пронајдоци и патенти кои имаат потенцијал за ефектуирање во производниот процес, со рок на реализација јануари 2013 година.

Во таа насока Владата на Република Македонија на Триесет и првата седница, одржана на 4.12.2011 година ја разгледа Информацијата за Проектот Имплементирање на патенти, како материјал за информирање. При тоа го задолжи Министерството за економија во соработка со Министерството за образование и наука и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори до крајот на јуни 2012 година да ја информира Владата за прогресот, со Акционен план за текот на реализацијата на Проектот.

Постапувајки по предметниот заклучок, Министерството за економија формираше работна група со претставници од: Министерството за образование и наука и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, како и Државниот завод за индустриска сопственост и Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија, која ја подготви предметната Информација со Акционен план.

Цел на Проектот: Проектот има за цел поттикнување на конкурентноста на македонската економија преку поврзување на компаниите и иноваторите заради имплементирање на пронајдоците/патентите, кои имаат потенцијал за ефектуирање во производниот процес.

Опис на Проектот: Со овој проект, фирмите кои се заинтересирани за примена на признаени патенти во Република Македонија ќе бидат финансирани до 50% од потребната инвестиција ( во зависност од висината на инвестицијата) за имплементација на одреден пронајдок-патент.

Очекувани резултати: Стимулирање на креативниот иноваторски потенцијал во РМ; Комерцијализација и примена на резултатите од пронајдоците; Промоција на иноваторите и нивните пронајдоци; Успешни деловни- производни потфати; Зголемување на работните места; Поконкурентни производи

За реализација на Активностите подготвен е Акционен план, кој е составен дел на оваа Информација.

Носители на Проектот: Носител на проектот е Министерството за економија во соработка со Министерството за образование и наука и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, Државниот завод за индустриска сопственост и Агенцијата за подршка на претприемништво на Република Македонија.

Буџет: Активностите за реализација на проектот, треба да се финансираат од средства на Бучетот на Република Македонија за 2013 година. Износот на потребните буџетски средства ќе се дефинира во текот на развојот на Програмата.

Се задолжува работната група до крај на ноември 2012 година да развие Програма за имплементирање на патенти и да ја достави до Владата на Република Македонија на усвојување.

2.9.4 Проект: Закон за издавање ваучери за иновација

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, повикувајќи се на заклучок од Триесет и третата седница на Влада на Република Македонија, одржана на 13.12.2011 година, во соработка со работна група во состав со претставници од Министерство за економија, Министерство за образование и наука и Кабинет на ЗПВРМ задолжен за економски прашања, подготви текст на Предлог закон за издавање на ваучери, во кој се разработени критериумите, процедурите и условите за право на аплицирање и критериумите според кои ќе се врши селекција на апликантите.

Со Предлогот за донесување Закон за издавање ваучери за иновација се настојува да се поттикнат претпријатијата во Република Македонија да применуваат иновативни решенија, трансфер на знаење и технологии со кои ќе се зголеми додадената вредност на производите и услугите кои тие ги произведуваат, преку финансиско олеснување, односно субвенционирање на советодавните/експертските услуги во насока зголемување на конкурентноста на пазарот.

Со овој Предлог-закон исто така се настојува да се зголеми степенот на информираност на претпријатијата, како и градење на нови односи и поврзување помеѓу претпријатијата и образовно истражувачките институции и/или советниците/експертите.

Целта на предложениот закон е финансиско олеснување на правните лица за примена на иновативни решенија или трансфер на знаење и технологии со кои ќе ја зголемат вредноста на производите и услугите кои тие ги произведуваат. Начелата на кои се темели овој закон се еднаквост и транспарентност при спроведување на постапката за издавање на ваучери за иновација.

Предложените одредби во Предлог законот ги содржат следните решенија:

- поединечен финансиски надоместок за едно претпријатие не повеќе од 5 илјади евра во денарска противвредност во тековната година сметано по курсот на НБРМ на денот на исплатата.

- временска ограниченост на финансиската подршка за период од три години (2013, 2014 и 2015 година) и
- стриктно утврдена постапка за доделување и исплата на ваучерите за иновација.

Бидејки со Предлогот за донесување Закон за издавање ваучери за иновација, се предвидува директно финансиско олеснување т.е растеретување од обврската за уплата на одреден паричен износ, заради користење на соодветни советодавни/експертски услуги, истиот предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија за 2013, 2014 и 2015 година. За имплементација на одредбите од Предлогот за донесување Закон за издавање ваучери за иновација е предвиден вкупен износ од 18.000.000 денари, за временски период 2013, 2014 и 2015 година.

Средствата е предвидено да бидат обезбедени од Буџетот на Министерството за економија наменети за Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија.

2.9.5 Информација за концептот, начинот на функционирање и можностите за одржливост на програмите ТАМ и БАС

Со заклучок од Триесет и третата седница на Влада на Република Македонија, одржана на 13.12.2011 година, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија беше задолжена, во соработка со работна група во состав Кабинет на ЗПВРМ задолжен за економски прашања, најдоцна до 01.03.2012 година да подготви информација за концептот, начинот на функционирање и можностите за одржливост на програмите ТАМ и БАС, подджани од Европската банка за обнова и развој и иницијативата од Центарот за иновации, поддржан од УСАИД.

Главната цел на БАС програмата е промоција на транзицијата кон пазарна економија во Република Македонија. Специфичната цел на БАС програмата е да го промовира развојот, продлабочувањето и оддржливоста на секторот на ММСП во Република Македонија со изградба на оддржлива инфраструктура на локални деловни советодавни услуги и обезбедување на советодавна поддршка на ММСП.

Имплементацијата на проектот е водена од страна на тимот на БАС во Скопје. Почетокот на спроведувањето на програмата формално беше на 23 декември 2010, а крајниот датум за реализација на програмата е на 22 февруари 2013 година при што е планирано да се имплементираат 96 проекти со буџет од 1.200.000 ЕВРА. Тимот на БАС иницира проекти со идентификување на целните претпријатија, според определени критериумите за подобност. За проектите на БАС, ЕБОР склучува договор со претпријатијето/корисник.

За реализација на Активности за развој на пазарот, се ангажираат консултанти според стандардни консултантски договори, со следење на постоечките правила за селекција на консултанти и за набавки на ЕБОР. Локалниот тим на БАС квалификува локални консултанти пред почетокот на БАС проектите и управува со

активна База на податоци на локални консултанти. Времетраењето на БАС проектот зависи од поддржанит проект, но обично еден проект трае од 4 до 6 месеци.

Проектите се дизајнираат од страна на тимот на БАС и редовно се следи секоја клучна фаза од имплементацијата во текот на проектниот циклус благодарение на контролите кои постојат во МИС, вклучувајќи ја и евалуацијата една година по завршување на проектот.

ТАМ (Turn Around Management) – е програма за управување со организациски промени која се спроведува во Македонија од 1998 година, поддржана од Европската банка за обнова и развој. Оваа програма е наменета за градење на капацитетите на локални приватни компании користејќи стручна помош од европски експерти. Притоа, експертите ги пренесуваат своите технички и пазарни познавања преку советувања, изработка на бизнис планови и анализи во согласност со барањата на компанијата одбрана да учествува во проектот. Интервенцијата преку ТАМ програмата се одвива директно на ниво на претпријатие преку трансфер на релевантни економски и технички знаења од страна на искусни директори или менаџери, кои имаат стекнато искуство во услови на пазарна економија, што како резултат има подобрени менаџерски вештини и култура во соодветните претпријатија. Целта на ТАМ програмата во Република Македонија, финансирана преку ИПА, е да придонесе кон одржлив раст и конкурентност преку поддршка на избраните претпријатија вклучувајќи претпријатија од секторите кои имаат потенцијал за раст, во обид да се преструктурираат и да се зголеми нивниот раст и развој. Секое претпријатие проект се следи во континуитет за време на интервенцијата за да се обезбеди целосна вклученост на претпријатието и резултатите се мерат по завршувањето на проектот за да се утврди влијанието. Постигнатите резултати ќе бидат поставени во Конечниот извештај за претпријатијата, а копии ќе бидат ставени на располагање на Делегацијата на Европската комисија, како и до релевантните засегнати страни.

Владата на Република Македонија на Шеесет и четвртата седница одржана на 29.05.2012 година ја разгледа доставената информација и ги усвои следните заклучоци:

1. Се укажува на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија да ја превземе БАС програмата од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и да ја реализира во 2014 –2015 година и истата да биде финансирана преку средствата од програмата ИПА 2012-2013, Компонента 1 - Транзициска помош и институционална надградба.
2. Се укажува на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија да ја превземе ТАМ програмата од Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и да ја реализира во 2014 –2015 година и истата да биде финансирана преку средствата од програмата ИПА 2012-2013, Компонента 1 - Транзициска помош и институционална надградба.
3. Се укажува на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија во текот на 2012 година да оствари соработка со претставници

од Европската банка за обнова и развој во делот на имплементацијата на ТАМ програмата со цел добивање на неопходните искуства и доизградба на капацитетите на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија за превземање на ТАМ програмата од страна на Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија по истекот на ИПА програмата 2012-2013 година и за тоа да ја информира Владата квартално.

4. Се укажува на Министерството за економија дека при подготовката на програмските фишеа за ИПА 2012 – 2013, Компонента 1 концептот на проектите ТАМ и БАС треба да биде вклучен како составен дел на Мерка 3: Софистицираност на пазари, иновации и пристап до финансии; Активност 3.1 Иновации и пристап до финансии – промовирање на развојот на претпријатијата, модернизација и вработување преку шема за поддршка на МСП и градење на одржлива инфраструктура за локалните консултантски услуги, и ќе прецизира дека директен координатор на проектите ќе биде Агенцијата за поддршка на претприемништво на Република Македонија и услугите ќе се спроведуваат преку локални консултанти и консултантски куќи.

### 2.9.6. Развивање на ВЕБ портал конкурентност.мк

Владата на Република Македонија, на 56-тата седница одржана на 17.04.2012 година донесе заклучок Министерството за економија да формира и координира работна група за развивање, следење и ажурирање на ВЕБ портал конкурентност.мк. Министерот за економија донесе решение за формирање на работната група во која се вклучени претставници од повеќе министерства и агенции поради фактот што мерките на индустриската политика и подобрување на конкурентноста се имплементираат преку повеќе годишни програми на повеќе министерства, агенции и одделни проекти. АППРМ е вклучена со двајца претставници – Маријан Стојчев и Љубиша Николовски.

Развивањето на веб порталот конкурентност.мк е резултат на состојбите и потребите за подобро информирање на бизнис заедницата. Министерството за економија со поддршка на проектот на УСАИД – ИДЕАС за унапредување на инвестирањето и извозот спроведуваат активности за развој на ВЕБ порталот конкурентност.мк и негово хостирање на ВЕБ страницата на Министерството за економија.

Порталот ќе се креира заради постигнување на две цели:

- подобрување на пристапот на македонските компании до информации за средствата кои им се достапни согласно различни програми и мерки за подобрување на конкурентноста, како и олеснување на постапките преку кои компаниите можат да аплицираат за средствата, и
- воспоставување на единствено место за прибирање на податоците за реализација на програмите и мерките, кои се неопходни за следење и евалуација на имплементацијата на индустриската политика.

Работната група до сега има одржано две средби.

9.2.7 Информација за концептот, начинот на функционирање и можностите за одржливост на проектот Инфо пулт

Со заклучок од Седумдесет и шестата седница на Владата на Република македонија, одржана на 15.08.2012 година, беше укажано на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија да формира и координира работна група во состав со претставници од Кабинетот на м-р Владимир Пешевски, заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Државен завод за индустриска сопственост и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и најдоцна до 31.12.2012 година да достави детална информација до Владата за концептот, начинот на функционирање и можностите за одржливост на проектот.

По барање на АППРМ сите надлежни институции номинираа свои претставници во работната група која ја изготви бараната информација.

Информацијата опфаќа:

- Опис на проектот
- Цел на проектот,
- Целни групи
- Услуги кои треба да ги обезбеди инфо пултот, односно информативни и советодавни услуги за малите и средните претпријатија,
- Начинот на функционирање
- Индикатори на проектот
- Акционен план
- Можности за одржливост и
- Предлог заклучок.

## 2.10 Друго

### 2.10.1. Промоција на проектот „Brands4ever“

Агенцијата за односи со јавност „Chapter 4“, на 08.05.2012 година во Скопски саем, сала Дипломатик, Скопје, организираше прес-конференција на која беше промовиран новиот проект „Brands4ever“.

Овој настан беше подржан од Austrian Development Cooperation. На оваа прес-конференција беше поканета да учествува АППРМ во рамките на која се реализира австрискиот проект „Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење“. На прес-конференцијата се обрати г-дин Борис Бекер - партнер и сениор консултант на Chapter4 Австрија, г-дин Љубиша Николовски – раководител на сектор при АППРМ и м-р. Ана Ќовкарова - проект менаџер на Brands4ever.

Ова е прв и единствен проект во Македонија преку кој ќе се мери емотивната вредност на македонските брендови и рангирање на истите во однос на конкуренцијата, анализирање на лојалноста за свесноста за името на брендот, позитивните асоцијации и перцепираниот квалитет на компанијата, како и идентификација на позицијата и потенцијалите. Притоа, по завршеното истражување, ќе се добие нумеричка вредност за секој бренд посебно. Вакви истражување се прават секаде во светот, а кон овој тренд се приклучува и Македонија.

2.10.2. Учество на обуката за микро креативни бизниси

Проектот МАТА финансиран од USAID веке втора година реализира обуки за микро креативни бизниси. Успешната соработка со МАТА, односно USAID, во претходната година, резултираше во повторна покана за вклучување на АППРМ да партиципира со соодветна презентација за информации за грантовите, ваучерската програма и другите типови на помош и поддршка од страна на државата при основањето на сопствен бизнис. Во таа смисла, на 18.05.2012 година во просториите на Младинскиот културен центар – МКЦ во Скопје, Љубиша Николовски реализира презентација на тема: „Почетните бизниси - предизвик на претприемачите и креаторите на програмите за нивна поддршка“. После презентацијата беше даден одговор на бројни прашања од страна на учесниците на обуката.

2.10.3. Учество во работна група за иновативна стратегија

Претставникот од АППРМ, Никола Таневски, во соработка со ОЕЦД и заедно со Министерство за економија, Министерство за наука и образование и други релевантни учесници учествува во работна група за иновативна стратегија. Изработката на стратегијата е во финална фаза.

2.10.4. Извештај за НПАА Поглавје 20 - Претпријатија и индустриска политика

АППРМ е член во работната група за поглавје 20 Претпријатија и индустриска политика – Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), во чии рамки се врши редовно одржување на состаноци и подготовка на извештаи за прогресот во областа на поддршката на МСП. Во извештајниот период подготвен е извештај за прогресот на реализацијата активностите на АППРМ за 2012 година, како и извештаи согласно потребите за подготовка на НПАА – Ревизија 2013. Овие податоци се вградени во документот за придонесот на Република Македонија кон годишниот извештај на Европската комисија за остварениот напредок и истиот се подготвува од страна на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија.

2.10.4 Активности на Асоцијација на агенции за поддршка на МСП

На 17 Септември 2012 год. Во Охрид, Асоцијацијата СМЕСЕЕ одржа работен состанок на кој основачите на Асоцијацијата - НАРД - Национална Агенција за развој од Србија, АППРМ и Агенцијата за поддршка на МСП од Косово разговараа за идниот план на активности на Асоцијацијата за 2012/2013 година, како и за можноста за проширување на членството на Асоцијацијата со нови членки.

Договорено беше секоја од членките да предложи одреден број на институции од своето опкружување, но и пошироко од ЈИЕ регионот на кои Асоцијацијата ќе им испратила формална покана за членство. На состанокот исто така беше разгледано и прашанањето на финсирање на активностите на Асоцијацијата од редовните и доплнителни извори - членарини и слично.

3. **Финансиски извештај**